

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за состојбите во областа на човековите права во Република Македонија во **2015** година

Raporti vjetor për gjendjen në fushën e të drejtave të njeriut në Republikën e Maqedonisë për vitin 2015
Annual report on the situation in the area of human rights in the Republic of Macedonia for 2015

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседател проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредни:**
Уранија Пировска,
извршна директорка на Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

**Графички дизајн:**
Студио КРУГ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73"2015"(047)

ГОДИШЕН извештај за состојбите во областа на човековите права во Република Македонија во 2015 / [уредник Уранија Пировска ; превод на албански Јордана Шемко ; превод на англиски Ана Василева]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016. - 42 стр. ; 27 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Содржи и: Raporti vjetor për gjendjen në fushën e të drejtave të njeriut në Republikën e Maqedonisë për vitin 2015 ; Annual report on the situation in the area of human rights in the Republic of Macedonia for 2015

ISBN 978-608-4790-06-8

а) Човекови права и слободи - Македонија - 2015 - Извештаи
COBISS.MK-ID 101198858

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
Тел: +389 (0)2 3119 073
Факс: +389 (0)2 3290 469
Веб: www.mhc.org.mk
Е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА

НЕЛЕГАЛНО ПРИСЛУШУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО..........................3

ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА...........................................................................6

СУДСТВО.........................................................................................................................12

УСТАВ И ЗАКОНОДАВСТВО..........................................................................................19

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ И ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ..........................................22

ДИСКРИМИНАЦИЈА.........................................................................................................31

ГОВОР И ДЕЛА ОД ОМРАЗА...........................................................................................35

ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА................................................................................38

РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО..................................................................................41

БЕГАЛСКА КРИЗА.............................................................................................................44

# I НЕЛЕГАЛНО ПРИСЛУШУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Од почетокот на 2015 година опозицијата почна со објавување разговори меѓу високи претставници на Владата, вклучително и на премиерот Никола Груевски, и изнесе информации дека од страна на власта биле прислушувани над 20.000 граѓани, вклучително и новинари, активисти за човекови права и претставници на граѓански организации. Ваквиот чин на масовно преслушување претставува прекршување на човековите права од највисок степен и апсолутна злоупотреба на можноста за следење на комуникациите, со што се загрозува владеењето на правото во државата.

Од разговорите објавени во медиумите се потврдија и констатациите што Хелсиншкиот комитет години наназад ги даваше за партизираноста на судството во Република Македонија, за непочитувањето на принципот на владеење на правото и непостоењето поделба на власта. Дел од објавените разговори се однесуваа и на судството и на начинот како извршната власт влијае врз изборот на судии и јавни обвинители, но и како договара одлуки за одредени судски случаи. Дополнително, објавените разговори даваат индикации за поврзаност на извршната власт со јавниот обвинител на Република Македонија. Ваквите разговори не се само спорни единствено од аспект на состојбата со судството туку и од аспект на темелните права на граѓаните, особено правото на приватност, доколку се потврдат наводите дека незаконски биле следени повеќе од 20.000 граѓани на Република Македонија.

Злоупотребата на овластувањата од страна на УБК и користење на системот за прислушување за целите на партијата на власт е констатирана и во извештајот на експертската група на Европската комисија, што нотира сериозни недостатоци во пет области: следење на комуникациите, надворешен надзор од независни тела, правосудство, избори и медиуми. Во делот на судството се констатира дека постои селективен пристап и политичко влијание во сите аспекти – од моментот на избор на судиите и јавните обвинители, судските постапки, оценувањето на судиите, разрешувањето на судиите, функционирањето на Судскиот совет, транспарентноста на изборот и разрешувањето на судиите, функционирањето на системот за распределба на предмети. Во делот на комуникациите се констатира непочитување на професионалната етика, основните принципи на ризично управување и недостиг на познавање на чувствителноста на разузнавачките задачи во рамките на УБК.

Исто така, предмет на загриженост е и очигледниот недостиг на обучена служба за основните права и правилата за заштита на податоците, но и неинформирањето на јавноста за текот на постапките. Јавното обвинителство, согласно член 8 од Законот за Јавното обвинителство, е должно да ја информира јавноста за одделни случаи по кои постапува, особено ако се од таква природа што предизвикуваат поширок интерес во јавноста или се од значење за остварување на функцијата на Јавното обвинителство заради заштита од криминални или други противзаконски дејства. Фактот што Јавното обвинителство и по шест

месеци не успеа да поведе истрага за содржината на објавените разговори, ја потврдува неефикасноста на Јавното обвинителство за заштита на јавниот интерес и неможноста да покаже независност наспроти влијанието на извршната власт. Јавното обвинителство воопшто не ја разгледуваше можноста дека снимките биле прибавени преку злоупотреба на овластувањата на државните безбедносни служби и злоупотреба на целокупниот безбедносен систем во државата. Притоа, оваа можност не ја разгледаа ниту механизмите за контрола врз работењето на државните безбедносни служби. Во случајот „RADIO TWIST A.S. v. SLOVAKIA“, што се водеше пред Европскиот суд за човекови права, словачките надлежни органи исто така не ја испитале таа можност. Судот најде дека тоа е „мошне изненадувачки, со оглед на фактот што снимката се однесува на телефонски разговор помеѓу двајца високи функционери и дека сомневањето оти снимката е прибавена преку злоупотреба на овластување не треба да биде однапред отфрлено“. Со други зборови, државата може да истражува во која сака насока, но не смее однапред и безрезервно да го прифати ставот на безбедносните служби дека постапуваат исклучиво согласно своите овластувања и дека не ги пречекориле во случај кога постојат очигледни индиции за тоа.

Земајќи ги предвид ваквите сериозни индиции за поврзаноста и вмешаноста на извршната власт со Јавното обвинителство се наметна потребата за формирање на специјално јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. На 15 септември 2015 година, а согласно Договорот од Пржино, Собранието на Република Македонија едногласно го усвои Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Со овој закон официјално се предвиде постоењето на специјален јавен обвинител, кој долг период беше заговаран во јавноста. Согласно наведениот закон, освен јавниот обвинител, кој е задолжен за истражување и гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, беше предвидено и постоење на обвинителство со кое раководи јавниот обвинител, кое вклучува и јавни обвинители избрани во ова обвинителство, истражители, експерти, стручна и административна служба.

Собранието на Република Македонија за оваа функција ја предложи Катица Јанева, основна јавна обвинителка од Гевгелија. Предлогот беше едногласно усвоен од страна на Советот на јавни обвинители и специјалната јавна обвинителка стапи на должност на 16 септември, по положувањето на официјалната заклетва.

И покрај тоа што изборот на специјалната јавна обвинителка беше по итна постапка, сепак обвинителството почна со работа во декември 2015 година, најмногу поради опструкциите од страна на Советот за јавни обвинители во однос на бараниот тим од страна на обвинителката. Имено, Советот на јавни обвинители повеќе од месец и половина се спротивставуваше на барањето на обвинителката нејзиниот тим да има 14 обвинители, така што најпрвин избра седум, за потоа да избере уште пет јавни обвинители. Закочувањето на работата на Специјалното јавно обвинителство следуваше по закочувањето на преговорите за исполнување на Договорот од Пржино, што дава основан сомнеж за политичко влијание и врз одлуките на Судскиот совет. Дополнително, беше пробиен и законскиот рок од 35 дена за обезбедување на финансиски средства за работа на Специјалното јавно обвинителство, што дополнително ја закочи неговата работа.

Во текот на ноември, Специјалното јавно обвинителство достави барање за доставување на оформени предмети поврзани со прислушувањето до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и од Основните јавни обвинителства во Скопје, Битола и Куманово.

Бараните предмети беа доставени од сите обвинителства, освен од Основното јавно обвинителство Куманово, за кое сè уште нема потврдена информација кога го добило барањето и дали постапува надвор од законскиот рок од осум дена за предавање на предметот.

Позитивна е околноста што беа избрани 12 јавни обвинители како дел од тимот на Специјалното јавно обвинителство, но без тим од истражители и стручни соработници, ниту административна служба, што се предвидени во член 2 став 3 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Ова придонесе за дотогашната неефикасност на Специјалното јавно обвинителство.

На 14 декември СЈО донесе одлука за заснování на стварна надлежност над 34 предмети, вклучително и на предметот познат во јавноста како „Пуч“, во кој еден од обвинетите е и лидерот на опозицијата, Зоран Заев. Во меѓувреме, СЈО даде и позитивно мислење за предлогот за укинување или замена на мерката притвор на обвинетите Зоран Верушевски и Ѓорги Лазаревски поднесен преку нивните бранители. Врз основа на ваквото мислење, Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, одлучи да ја укине мерката притвор, при што беа определени забрана за напуштање на живеалиштето и привремено одземање на патна исправа како мерки на претпазливост.

# II ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА

## 1. ВОВЕД

Во текот на 2015 година, имајќи го предвид интензитетот на политичката криза, се организираа многу јавни собири, со цел да се изрази револтот од политиките на актуелната владејачка структура. Имено, поттикнати од своето уставно-загарантирано право на јавно собирање, македонските граѓани заради различни причини, укажаа на систематското кршење на човековите права и слободи во државата во речиси сите сегменти од општеството.

Медиумските слободи, универзитетската автономија, работничките права, полициската бруталност, правата на припадниците на ЛГБТИ-заедницата, беа само дел од темите околу кои се консолидираше граѓанскиот револт, односно притисокот преку кој граѓаните се вклучија во процесот на донесување на политички одлуки.

Работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, опфаќа и набљудување на јавни собири, со цел да се утврди полициското однесување и можните прекршувања на правото на здружување и мирен собир на граѓаните. Во тој правец, тимот на Комитетот ги проследи сите позначајни јавни собири, со цел да документира и да реагира на пријавените или забележани пречекорувања на полициските овластувања и други кршења на човековите права и слободи.

Од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права беше констатирано дека постапувањето на полицијата за време на дел од јавните собири се карактеризираше со употреба на несразмерна примена на сила и мерки за присилба. Ваквата констатацијата беше изведена и за време на протестите што се случија на петти мај, како и протестите што следуваа по овој датум, кога полициските службеници го ограничуваа правото на слободно движење, но истовремено и правото на јавно собирање.

## 2. ПРОТЕСТИ 5-17 МАЈ

Хелсиншкиот комитет преку свои претставници беше присутен на граѓанскиот протест пред Владата на Република Македонија на кој граѓаните повторно го изразија својот револт за непреземањето одговорност за убиството на Мартин Нешковски. До 20:30 часот, протестот беше без поголеми инциденти и судири помеѓу граѓаните и полицијата. Првите посериозни судири со полицијата почнаа околу 22 часот, кога полицијата почна со истиснување на сите граѓани кои беа пред Владата.

Хелсиншкиот комитет забележа дека полицијата при истиснувањето на граѓаните употреби несразмерна и прекумерна сила. Полициските службеници не ја ограничија употребата на сила само на оние граѓани кои беа агресивни кон нив, туку неселективно ги удираа и ги газеа сите граѓани, од кои голем дел седеа мирно на земја со кренати раце. Потоа, полицијата пристапи кон приведување на учесниците во протестот. При приведувањето, полицијата повторно примени неселективна, прекумерна и несразмерна сила. Приведувањето траеше и кога граѓаните веќе не учествуваа во протестот и заминуваа кон своите домови. Ова го потврдува и фактот што во 23:30 часот, полициските службеници насилно влегоа во повеќе објекти, помеѓу кои и библиотеката „Браќа Миладиновци“ и повторно примени несразмерна и прекумерна сила кон сите млади кои беа присутни во библиотеката под изговор дека дел од нив наводно биле учесници во протестот.

Според информациите со кои располага Комитетот, во инцидентите беа уапсени повеќе од четириесет и две лица, од кои најголемиот дел беа задржани 24 часа во повеќе полициски станици во Скопје. Претставниците на Комитетот забележаа дека голем дел од приведените не беа дел од групата која се судираше со полицијата, а дел од нив воопшто не учествувале во протестот. На 15 лица им беше определен притвор, на едно лице му беше определен куќен притвор, а две лице беа во бегство. Од притворените лица, пет беа студенти, од кои две лица се претставници на Студентскиот пленум.

Лицата беа осомничени за учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејство (член 384 став 1 од Кривичниот законик). Казната за ова кривично дело е од три месеци до три години, поради што се смета за полесно кривично дело, за кое во принцип не треба да биде определена мерката притвор, туку треба да бидат искористени другите алтернативни мерки што стојат на располагање за обезбедување присуство. Комитетот смета дека ваквите одлуки влијаат на ограничување на правото на протест, особено поради фактот што како причина за притворот е наведено дека притворените можат да го повторат кривичното дело со оглед на тоа што има нови најавени протести. Исто така, одлуките за притвор и за поведување на кривични постапки против студенти можат да се сметаат и како предупредување за другите граѓани кои сакаат да земат учество во протестите што се одржуваат во овој период. За споредба, Комитетот имаше монитори на насилните протести против Општина Центар, што се одржаа во 2014 година, за кои против учесниците не беше покрената судска постапка, поради што може да се констатира дека е евидентно оти постои селективен пристап.

Од демонстрантите кои беа кривично гонети, освен двајца, сите други ја признаа вината, поради што на најголем дел им беше определена условна казна затвор од три месеци што нема да се изврши доколку во рок од една година не го повторат делото.

До Хелсиншкиот комитет со барања за правна помош се обратија дел од лицата кои беа уапсени и лишени од слобода 24 часа по протестот, но и лица врз кои беше употребена прекумерна сила, а кои учествувале или, пак, не учествувале на протестот.

Најголемиот дел од лицата врз кои била употребена прекумерна сила од страна на полицијата се наоѓале на мала уличка веднаш до булеварот „Климент Охридски“, каде што група од 30-тина полицајци ги бркала граѓаните кои почнале да се кријат во влезови од згради. На оние лица кои не успеале да ѝ избегаат на полицијата била употребена прекумерна сила, иако според изјавите на граѓаните тие не давале никаков отпор, ниту, пак, знаеле зошто ги брка полицијата.

Случај 1 – Две лица (машко и женско) биле нападнати од страна на група од шестмина полицајци со што се здобиле со физички повреди по целото тело, а едното лице и со физички повреди во делот на главата. Потоа биле однесени во полициска станица и задржани 24 часа.

Случај 2 – Две лица (машко и женско) биле бркани од група од четворица полицајци, поради што се засолниле во подрумот на еден од влезовите на околните згради. Откако биле најдени од страна на полицијата со тегнење биле извадени од влезот, легнати на тротоар и физички нападнати. Потоа биле пуштени.

Случај 3 – Едно лице (машко), кое не бил учесник на протестот, било пресретнато од група на полициски службеници на булеварот „Климент Охридски", било легнато на тротоар и тепано од страна полицијата, по што било однесено во полициска станица и задржано 24 часа.

Случај 4 – Две лица (машки) на булеварот „Партизански одреди", пред Соборниот храм, додека биле со исправени раце како знак дека мирно протестираат, биле физички нападнати од група полицајци, приведени и задржани во полициска станица 24 часа.

Случај 5 – Едно лице, кое било присутно на протестот во својство на новинар, било пресретнато од двајца полициски службеници и физички нападнато со што се здобило со физички повреди во делот на десната нога и главата.

Најголемиот број лица кои дојдоа во Хелсиншкиот комитет да го пријават полициското насилство не сакаат да покренат постапки против пречекорувањата на полицијата и употребата на прекумерна физичка сила, поради недовербата во институциите. Сметаа дека нивните права нема да бидат заштитени и дека евентуалните постапки што би ги покренале ќе им наштетат на нив или на нивните семејства. Ваквите изјави ја потврдуваат констатацијата што Хелсиншкиот комитет ја дава во своите извештаи во однос на недовербата на граѓаните во институциите, особено врз судството, поради нивната партизираност и неможноста да се спротивстават на влијанието од извршната власт.

По одржаниот протест на 05.05.2015 година, протестите продолжија до 16.05.2015 година, секој ден во 18 часот, организирани од страна на граѓанското движење „Протестирам". Во периодот од 06.05. до 16.05.2015 година немаше никакви судири помеѓу полицијата и демонстрантите. Но, практиката на МВР за недозволување на одржување на јавниот собир пред Владата на РМ продолжи до крајот на нивното одржување, до 16.05. Поради тоа, групата секој ден се собираше во близина на Владата и се движеше кон различни државни институции, по што се упатуваше кон зградата на Собранието на РМ.

Поради тоа што понатамошното ограничување на правото на мирен собир и јавен протест беше неосновано, Комитетот смета дека Полицијата го прекрши уставното право на граѓаните на мирен собир и јавен протест (член 21 од Уставот на РМ), поради што постојат основи на сомневање дека раководните полициски службеници го имаат исполнето законското битие на кривичното дело спречување или смеќавање јавен собир (член 155, став 2 КЗ на РМ).

Од сите наведени прекршувања од страна на полицијата, Јавното обвинителство досега не покрена ниту една постапка по службена должност против полициските службеници. Според сознанијата на Хелсиншкиот комитет, за настанот во библиотеката „Браќа Миладиновци" беше поднесена кривична пријава до Обвинителството од страна на Либерално-демократската партија, додека од лицата врз кои беше употребена прекумерна употреба на сила од страна на полицијата единствено едно лице поднесе кривична пријава за малтретирање во вршењето на службата. И покрај сериозноста на постапките, јавното обвинителство сè уште ја нема известено јавноста за исходот на истрагата и за тоа дали ќе биде иницирана судска постапка против осомничените полициски службеници.

## 3. СТУДЕНТСКИ И ПРОФЕСОРСКИ ПЛЕНУМ

Академската борба што доведе до мобилизирање на студентите, а потоа и на професорите, како и до формирање пленуми и дејствување преку нив, продолжи и во 2015 година. Имено, водејќи се и понатаму од незадоволството од неодговорноста на властите, а особено поттикнати од јануарските настани откако Собранието на Република Македонија ги усвои, а претседателот Ѓорге Иванов ги потпиша измените на Законот за високо образование, двата пленума беа во координација и одржаа два протесни собира токму пред Собранието на Република Македонија.

По завршување на настаните, одреден број медиуми продолжија со воспоставената практика на етикетирање на учесниците во протестите без разлика на нивната улога како организатори или поддржувачи на каузата. Имајќи ја предвид ова медиумска практика, што стана карактеристична при известувањето за какво било изразување на граѓанско незадоволство, Комитетот изразуваше загриженост за неетичкото известување за протестите и јавните собири, бидејќи нивната намена имаше исклучиво цел да ја дезинформира јавноста наспроти уставната обврска – непристрасно и објективно пренесување и примање информации.

Имајќи го предвид игнорантниот однос на властите кон барањата на студентите и професорите, по низа консултации и конструктивни предлози, се дојде до заклучок дека понатаму не се потребни никаков вид преговори или контакт со извршната власт како предлагач на измените на Законот за високо образование, како и со која било друга засегната институција. Имено, студентите донесоа одлука, што беше поддржана и од страна на професорите, за прогласување на „Автономна зона" во рамките на Филозофскиот факултет/Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ. Овој концепт на т.н. „окупирање" почна да се развива како добра практика на давање отпор и почна да станува карактеристична за академските протести во регионот и пошироко, но се актуализираше како таква со глобалното движење „Occupy". Автономната зона, што беше креирана од страна на студентите, како простор и време со кои се направи прекин во доминантните антидемократски практики, претставуваше истовремено и политичка заедница, одржувана според принципите на еднаквост, вклученост и солидарност. Содржината на Автономната зона јасно упатуваше на тоа, имајќи ги предвид темите и прашањата што беа отворени со алтернативниот курикулум, интеракцијата, дискусијата, како и отвореноста кон повеќе видови на креативни предизвици.

И покрај тензичната атмосфера во текот на првите денови, генералната оцена за безбедноста на Автономната зона беше солидна. Членови на тимот на Комитетот имаа свои набљудувачки во текот на целиот период од опстојувањето на Автономната зона, а беше одржана и обука со цел подобро одржување на безбедноста и редот на „окупираните факултети". Во Скопје и во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", „окупирани" беа Филозофскиот/Филолошкиот факултет, Архитектонскиот факултет, како и Машинскиот факултет. Битолските студенти од Студентскиот пленум исто така ја проширија ова алтернативна практика на давање отпор и на Техничкиот факултет во Битола. И покрај тоа што заканата по безбедноста во Битола беше поголема, бидејќи дел од неонацистички групи влегоа во Техничкиот факултет, како и заради техничките проблеми и прекинувањето на електричната енергија, битолската Автономна зона придонесе кон целокупниот студентски ангажман и самоорганизирање во борбата за подобро образование.

Мотивирани од одбраната на автономијата на Универзитетот, гарантирана со Уставот на Република Македонија, студентите и професорите со своите активности, кои кулминираа со Автономната зона, укажаа на потребата од делиберација во општеството, од практикување на директна демократија, како

и на реагирање низ начелата на политичката култура. Со таквата динамика, студентите и професорите, преку своето пленумско дејствување, поттикнаа и понатамошно граѓанско организирање и давање отпор на лошите јавни политики на актуелната владејачка структура. Имено, преку Автономната зона, што истовремено означуваше и креативен притисок кон извршните власти, кои претходно одбиваа каква било соработка и ја поништуваа видливоста на ова значајна општествена група, студентите и професорите издејствуваа привремено повлекување на предлог-измените на Законот за високо образование. Со тој чин, студентите и професорите влегоа во преговори со претставници на извршната власт, посредувани од ректорот Велимир Стојковски, а кои резултираа со работни групи за подготовка на целосно нов закон за високо образование.

И покрај повремените реакции на Студентскиот и Професорскиот пленум, поврзан со процесот на подготовка на новиот закон за високо образование, како и за други теми од областа на академското работење и функционирање, во понатамошниот период двата пленума престанаа да дејствуваат.

## 4. СРЕДНОШКОЛСКИ И НАСТАВНИЧКИ ПЛЕНУМ

Во март, почнаа најавите за протести на Средношколските пленуми, што се формираа и почнаа да дејствуваат против т.н. реформи во средното образование. Така, во повеќе градови, средношколците се организираа со барање да бидат сослушани нивните аргументи за прекин на екстерното тестирање и враќање на претходниот систем на спроведување на државна матура од страна на Министерството за образование и наука. Меѓутоа, уште за време на најавите за протестите, до Комитетот се обратија средношколци од повеќе градови што посочија дека се изложени на притисоци и закани за прекин на активностите.

Покрај овој вид притисоци, што за жал беа посредувани од надлежните во средните училишта во Скопје, како и низ цела Македонија, средношколците не беа поштедени ниту од агресивна негативна кампања[1], што беше водена од засега непознати сторители кои дистрибуираа вознемирувачка содржина преку постери и летоци во градовите каде што средношколците демонстрираа поголем отпор. Најголеми притисоци беа забележани во Скопје, Битола, Велес и Ресен. Комитетот изрази загриженост за дистрибуираните материјали поради тоа што летоците и постерите содржеа наводи што имаа цел да идентификуваат наводни организатори, прикажани како корумпирани и партизирани млади со цел да го делегитимираат целото движење и да је дезинформираат јавноста.

За жал, ова ситуација со притисоци се манифестираше и во форма на директни закани, затворање на младите во училиштата, наводи за поткуп и непристојни предлози упатени кон дел од родителите од страна на владејачката партија.[2]

По повод овие притисоци, Комитетот ја потсети јавноста дека Уставот на Република Македонија ја гарантира слободата на здружување, изразување, како и правото на одржување на јавни собири. Исто така, Уставот гарантира заштита кога се повредени достоинството и угледот на граѓанинот. Земајќи го предвид фактот дека во конкретниот случај беа повредени правата на лица кои сѐ уште не наполниле 18 години, беа применливи и одредбите од Конвенцијата за заштита на правата на децата. Имено, во член 14 и член 15 од Конвенцијата за правата на детето е наведено дека – децата имаат право на слобода на мислење, слобода на здружување и слобода на мирно собирање. Оттука, како неопходност се истакна потребата

[1] http://mhc.org.mk/announcements/273#.VtYCNsvSldh.

[2] http://mhc.org.mk/announcements/272#.VtYCJ8vSldh

институциите треба да покажат дека сериозно ги штитат овие права и мораат да спроведат истрага за сторителите со цел тие да бидат идентификувани, со што на лицата чиишто права се повредени ќе им се овозможи да можат да иницираат или да поведат соодветни судски постапки и да добијат соодветна заштита. Конечно, имајќи ја предвид целата ситуација во која беа загрозени правата на средношколците, Комитетот оцени дека со ваквите постапувања се исполнети битијата на кривичните дела загрозување на сигурноста на повеќе лица, спречување и смеќавање на јавен собир и насилство.

По двомесечните протести, бојкот на наставата, револтот на средношколците резултираше со поставување камп наспроти Министерството за образование и наука од страна на Средношколскиот пленум. Но, со заострувањето на стратегиите на средношколците, како и во реториката при поставувањето на нивните барања, Комитетот повторно забележа обиди за прекин на бојкотот и преговорите преку различни методи на заплашување и етикетирање на младите во јавноста. И покрај бројноста и правната релевантност за прифаќање на понудените измени во реформите од страна на младите, сепак Министерството за образование и наука одлучи да ги игнорира и да молчи до прекинот на протестите.

Комитетот изнесе забелешки и за преговорите што се водеа помеѓу претставниците на Средношколскиот пленум со министерот и заменикот-министер за образование и Абдулаќим Адеми, Спиро Ристовски и вицепремиерот Владимир Пешевски. Обидите за дискредитација на барањата на младите, како и нивната личност и достоинство не беа земени предвид. Одвоените 20 минути простор за изнесување на ставовите на состанок во времетраење од 1 час и 15 минути претставуваше непочитување на одредбите од Конвенцијата за правата на детето, што во член 12 предвидува дека на детето кое е способно да формира свое сопствено мислење му се гарантира правото на слободно изразување мислење за сите права што го тангираат, посветувајќи му должно внимание. Воедно, Комитетот ги разгледа правните основи на младите и во целост ги поддржува барањата за укинување на екстерното тестирање како модел. Комитет потсетува дека државите имаат позитивна обврска да го штитат ова право на децата и да ги едуцираат државните, јавните и полициските службеници за правото на децата да протестираат, со цел полесно практикување на ова право.

По прекинувањето на протестите со поставување камп од спротивната страна на Министерството за образование и наука, од Средношколскиот пленум, а со поддршка на Наставничкиот пленум, беше организиран голем средношколски марш, на кој во солидарност се приклучија и студентите. По овој настан, во текот на втората половина од 2015 година, до Хелсиншкиот комитет беа доставени пријави со наводи за закани врз средношколците кои учествуваа на протесниот средношколски марш против лошите реформи во образованието, што се одржа на 21.11.2015 година. Наводите беа доставени од страна на средношколци, но и родители. Особено загрижувачки беа наводите за затворање на учениците во училиштата од страна на службени лица, преку затворање училниците и вратите од средните училишта, како и фактот што одредени медиуми известија дека средношколците добивале паричен надоместок за учество на протестот. Со ова беше сторена повреда на честа и угледот на децата кои сакаат да го изразат незадоволството од образовните реформи. Дополнително, затворањето на децата во училиштата со цел да не присуствуваат на протесниот марш претставува противправно лишување од слобода, што е забрането согласно Кривичниот законик на Република Македонија.

---

[3] Позитивната обврска на државата за посебна заштита на децата кои учествуваат во протести се согледува и низ практиката на Европскиот суд за човекови права. Во случајот „Castleand Others v Great Britain“ Европскиот суд за човекови права го утврдува правото на децата да учествуваат во протести, потенцирајќи дека треба да се сметаат за ранлива група и затоа државата треба да им обезбеди посебна заштита, особено од страна на полициските службеници, при практикување на ова право.

[4] Во член 140 став 3 од Кривичниот законик е наведено дека „Ако противправното лишување од слобода го стори службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години“. Врз основа на овој член постои можност јавното обвинителство да постапи по допрен глас и да ги истражи информациите за лишувањето од слобода на средношколците.

# III СУДСТВО

## 1. ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет е една од ретките организации во Република Македонија која има долгогодишно и континуирано искуство во набљудување на судски постапки. Преку својата програма за бесплатна правна помош, Комитетот е во можност да разгледува списи што се составен дел на судските предмети. На овој начин, Хелсиншкиот комитет е во можност постапките да ги набљудува како од научно-правен, така и од практичен аспект. Во текот на 2015 година набљудувани беа вкупно 50 судски постапки, за време на 132 рочишта, од кривичната и граѓанската материја. Набљудувањето се одвиваше во седум судови низ државата.

Генералниот заклучок е дека сè уште опстојуваат системските проблеми што судството не успева да ги надмине, ги надминува пребавно или ги продлабочува. Основните проблеми се состојат во недоволна независност на судството преку вмешување на извршната во судската власт, недоволна стручност и обученост на судиите, нетранспарентност на работата на судовите, неконзистентност на судската практика, нееднаков третман на граѓаните наспроти државните органи кога тие се јавуваат како странки во постапките и непостоење на ефикасна правна заштита, особено преку пристапот до правдата, повреда на правото на судење во разумен рок и пресумпцијата на невиност.

Во голем број на судски постапки загрижува практиката на донесување решенија за определување и продолжување на мерката притвор без притоа да се аргументира кои се причините за тоа. Опстојува практиката на колективно продолжување на притворот за група обвинети на кои им се споменуваат имињата, но решенијата не содржат индивидуален осврт за причините поради кои на секој обвинет посебно му се продолжува мерката притвор. Притворот трае премногу долго, дури и по завршетокот на истрагата и распитот на обвинетите. Загрижува некористењето на поблаги мерки, како што е гаранцијата.

Граѓаните во Република Македонија имаат многу мал интерес да присуствуваат на судски постапки во улога на јавност. Јавноста воопшто не е информирана за начинот на кој може да го оствари своето право да присуствува во судниците за време на судските постапки. Опстојува практиката некои судски постапки да се водат во несоодветни услови во канцелариите на судиите. Сè уште не е обезбедена правична застапеност меѓу судиите-припадници на малцинските заедници. Некои судии имаат различен однос кон учесниците во постапките, при што е забележлива поголема блискост со јавните обвинители и привилегиран статус кон постарите и поискусни адвокати. Забележлива е практиката

на напуштање на судницата од страна на судии и судии-поротници за време на одржување на главниот претрес или на главната расправа.

Со оглед на долгото траење на дел од набљудуваните предмети, но и постојаните поплаки од граѓаните и одлуките што ги добиваат од Врховниот суд на Република Македонија и од Европскиот суд за човекови права со кои им се признава повреда на правото на судење во разумен рок и се определува надоместок на штета, може да се констатира неефикасност во постапувањето на судовите. Особено загрижува фактот што воопшто не се почитуваат постапките што се предвидени како итни, како во кривичната, така и во граѓанската постапка, што влијаат врз остварувањето на другите права утврдени со Уставот на Република Македонија и меѓународните договори. Во продолжение на овој текст претставени се случаите во кои беше утврдено поголемо прекршување на правата и притисок и вмешување на извршната во работата на судската власт.

## 2. СЛУЧАЈ ТОМИСЛАВ КЕЖАРОВСКИ

Новинарот Томислав Кежаровски беше уапсен во мај 2013 година под сомнение дека во 2008 година, преку статија објавена во магазинот „Репортер 92", го открил идентитетот на заштитениот сведок во судскиот случај „Ореше". Според исказот на сведокот, на него бил вршен притисок, пред судот да даде веќе подготвена изјава од страна на претставници на полицијата. Апсењето следуваше во време додека г. Кежаровски ја истражуваше сомнителната смрт во сообраќајна незгода на новинарот Никола Младенов, и покрај фактот што во 2008 година сведокот од случајот „Ореше" сè уште немал заштитен статус. По спектакуларното апсење и спроведување во Основниот суд Скопје 1 пред многубројни новинарски камери, на г. Кежаровски му беше определен притвор. Во октомври 2013 година, со неправосилна пресуда г. Кежаровски беше осуден на 4,5-годишна затворска казна, а во ноември 2013 година, по повеќе од пет месеци поминати во притвор, му беше изречена мерката куќен притвор сè до правосилноста на постапката.

По објавувањето на пресудата на Апелацискиот суд во јануари 2015 година со која 4,5-годишната казна на новинарот Кежаровски беше намалена на две години, уште истиот ден од страна на МВР, а по донесување на упатен акт од страна на судија за извршување санкции, г. Кежаровски беше спроведен на издржување на затворска казна без пресудата да му биде врачена. И покрај тоа што пресудата по нејзиното донесување од страна на Апелацискиот суд станува правосилна (член 127, став 1 од стариот Закон за кривичната постапка, по кој се водеше предметот), без нејзина достава до обвинетиот таа не е и извршна (член 127, став 2 ЗКП), односно судијата за извршување санкции не смеел да донесе упатен акт за издржување на затворска казна.

Еден ден по спроводот во Затворот „Скопје", директорот на затворот до директорката на Управата за извршување на санкциите предложил прекин на казната од 30 дена поради влошена здравствена состојба на г. Кежаровски. Предлогот беше прифатен, и покрај тоа што тој беше присутен на протестите организирани поради неговото затворање и беше очигледно дека се наоѓа во добра здравствена состојба. Во меѓувреме, по друг предлог на директорот на затворот г. Кежаровски да биде ослободен преку условен отпуст, Основниот суд Скопје 1 го прифати ваквиот предлог и донесе позитивно решение. Решението беше обжалено од страна на Основното јавно обвинителство Скопје, а Апелацискиот суд Скопје на 17 февруари 2015 година ја отфрли жалбата.

Целокупниот судски процес против новинарот Кежаровски претставуваше сериозен преседан доколку се има предвид дека во регионот не е забележан случај новинар да биде осуден со толку висока затворска казна поради вршење на новинарски активности. Ова особено што во услови кога слободата на медиумите и слободата на изразување во Република Македонија се сериозно загрозени, ваквата пресуда претставува уште една порака за замолчување и цензура на сите оние што имаат критички став и критичко мислење. Еден од суштинските елементи за кој Јавното обвинителство требаше навремено да реагира и да поведе нова постапка е проверка на наводите на заштитениот сведок во случајот „Ореше", бидејќи доколку се потврдеше вистинитоста на наводите на заштитениот сведок дека неговата првична изјава пред судот била фабрикувана од полицијата, тогаш новинарот Кежаровски е оној што открил вршење на кривично дело, а не сторител на такво дело.

Ваквото постапување од страна на обвинителството и судовите резултираше со ограничување на слободата од 597 денови (од кои 162 дена во притвор, а остатокот во куќен притвор) и близу двегодишен психолошки притисок врз новинарот Кежаровски и неговото семејство. Новинарот во казнената евиденција ќе биде забележан како сторител на кривично дело, а неговата истражувачка сторија за влијание на полицијата врз заштитен сведок и фабрикување изјава со цел влијание кај правосудните органи останаа неистражени.

### 3. СЛУЧАЈ ЈАДРАНКА КОСТОВА

Решението бр. 08-214/1 на Комисијата за верификација на фактите од 26 март 2015 година, со кое се лустрира новинарката Јадранка Костова претставуваше уште еден класичен акт на политичка одмазда против неистомисленицитe и критичарите на актуелната власт. Донесувањето на решението следуваше една седмица по емитувањето на документарниот филм насловен „Македонија: Зад фасадата" прикажан на телевизијата „Ал Џезира" во кој новинарката и главен уредник на неделникот „Фокус" изнесува критични ставови за случувањата во државата. Датумот на кој е донесено решението – 26 март – е истиот датум кога во 2013 година поранешниот главен уредник на неделникот „Фокус", под сомнителни околности, го изгуби својот живот во сообраќајна незгода.

При постапката за лустрација на новинарката Костова, Комисијата утврдила дека таа самоиницијативно се пријавила да биде извор на сознанија за две лица, кои биле интересни за службата поради нивната поинаква политичка и друга припадност. Како аргументи за ваквиот свој наод Комисијата наведе Прашалник за ревизија на лично досие од 1967 година (време во кое новинарката го почнувала основното образование), Службена белешка од 1993 година и Репродукција на разговор од 1996 година. Од последните два документа, Комисијата извела заклучок дека новинарката Костова, во времето кога работела во МРТВ, од политички или идеолошки причини, свесно, тајно, организирано и континуирано соработувала со органите на државната безбедност. Според Комисијата, новинарката ваквите активности ги преземала со цел да напредува во службата.

Што се однесува до Службената белешка од 1993 година, според новинарката Костова, таа се јавила во МВР и УБК, сметајќи дека лицето за кое наводно информирала е дел од полициска провокација насочена кон нејзино суспендирање од работното место – уредник на емисијата „Без наслов но со повод", како и укинување на емисијата во која се дискутирало за табу-теми, како што е слободното изразување на уверувањето на граѓанин кој сметал дека Македонците се Бугари. Во документот Репродукција на разговорот од 1996 година е пренесен телефонски разговор помеѓу две лица од кои едното тврди дека

новинарката била во Рим во придружба на тајните служби, а друго лице не верува во тоа. Наодите на Комисијата извлечени од репродукцијата на разговорот претставуваат „рекла-кажала“ наводи и како такви се неподобни за користење како докази, а уште помалку како факти.

Во текот на април 2015 година, по обезбедена правна помош на Хелсиншкиот комитет, новинарката Костова поднесе тужба против решението на Комисијата до Управниот суд. Во тужбата се содржани погореспоменатите аргументи, како и 6 (шест) нотарски заверени изјави од колеги и соработници на г-ѓа Костова, преку кои недвосмислено се докажува дека решението на Комисијата е фабрикувано и дека нејзиниот професионален ангажман како новинар во никој случај не може да се смета како свесна, тајна, организирана или континуирана соработка со органите на државната безбедност. И покрај тоа што од поднесувањето на тужбата се изминати повеќе од десет месеци и итноста на постапката според Законот за лустрација, Управниот суд немаше донесено одлука до затворањето на овој извештај.

По објавувањето на скандалот со нелегално прислушуваните разговори, Собранието на РМ, по предлог на Владата на РМ, во јули 2015 година го суспендираше процесот на лустрација, но тој останува активен за сите лица за кои дотогаш биле донесени решенија, сè до правосилно завршување на постапката. И покрај ваквиот исход, останува заклучокот дека процесот на расчистување со минатото мораше да биде заснован врз принципите на законитост и правичност. Наспроти ваквите постулати, лустрацијата во Македонија беше претворена во класичен пример за инквизиторска постапка во која обвинетите лица воопшто не се сослушуваат и немаат можност да се бранат. Како последица, за низа професии како новинари, професори и други, резултатот од оваа постапка беше еднаков со казнената санкција од Кривичниот законик – забрана за вршење професија, дејност или должност. Доколку Управниот суд во случајот на новинарката Костова не ја обезбеди тајноста на личните податоци, заштитата на личниот интегритет, почитувањето на приватноста, семејниот живот, достоинството и угледот, Хелсиншкиот комитетот е убеден дека правдата ќе биде задоволена пред Европскиот суд за човекови права, како што беше случај и со лустрираниот поранешен претседател на Уставниот суд, г. Трендафил Ивановски. [5]

## 4. СЛУЧАЈ СЕМЕЈСТВО АРСОВСКИ

Хелсиншкиот комитет ја проследи судската постапка за експропријација на имот на семејството Арсовски во Кратово, што пред домашните судови и Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) трае од 2002 година. Семејниот имот бил експроприран по предлог на приватна компанија, што добила дозвола за вадење вода што се наоѓа под имотот. Можноста приватни компании да предлагаат експропријација на приватен имот што е од јавен интерес, во 2009 година, од страна на Уставниот суд (У. бр. 200/2007) беше оценета како спротивна на Уставот на РМ поради можноста одредена недвижност да биде одземена во корист на економски моќните корисници, а интересот на носителот на правото на сопственост да биде минимизиран, на кој начин се доведува во прашање загарантираното со Устав право на сопственост.

Откако во 2005 година постапката за експропријација пред домашните судови завршила со одземање на имотот од страна на државата во корист на приватна компанија, семејството Арсовски било обесштетено со 880 евра, без притоа да се земе предвид дека приватната компанија ќе остварува профит од експлоатацијата на водата. Незадоволни од ваквите одлуки на домашните судови, семејството Арсовски во 2006 година испратило жалба до ЕСЧП.

---

[5] http://hudoc.echr.coe.int/eng#{“itemid”:[“001-160219”]}.

[6] http://goo.gl/XXTCGj.

Во 2013 година, ЕСЧП ја донел Пресудата бр. 30206/06 (Арсовски против Македонија)[6] со која утврдил дека државата го повредила правото на сопственост, гарантирано со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Дополнително, ЕСЧП на жалителите им доделил 9.000 евра што државата им ги исплатила за нематеријални трошоци, а во врска со материјалните трошоци постапката е запрена, но не и завршена во очекување дека пресудата ќе биде искористена за повторување на постапката пред домашните судови за евентуално враќање на имотот или правична експропријација.

По добивањето на пресудата во 2013 година семејството Арсовски побарало повторување на постапката пред надлежниот Управен суд, кој го уважил барањето, а претходното правосилно решение за експропријација го поништил (У-2 бр. 494/13). Во текот на 2014 година во постапката како заинтересирано лице се вклучила компанијата „Силекс" АД од Кратово, која вложила жалба пред Вишиот управен суд, кој жалбата ја уважил и му наложил на Управниот суд одново да одлучува по барањето за повторување на постапката (У-1 бр. 297/14). Вишиот управен суд, меѓу другото, навел дека „За овој суд е неоспорно дека по донесената одлука на ЕСЧП судот до кој е поднесено барање за измена на одлуката е должен да постапува по тоа барање, но во зависност од причините поради кои се бара повторување на постапката ќе одлучи дали ќе дозволи повторување".

По повторното одлучување за повторувањето на постапката пред Управниот суд во 2014 година, судот донел Решение со кое барањето на семејството Арсовски во дел го прогласил за ненавремено, а во друг дел недозволено (У-2 бр. 1278/14). Според Управниот суд, а согласно член 47 став 2 од Законот за управните спорови, во конкретниот случај не може да се бара повторување на постапката поради тоа што изминале пет години од правосилноста на одлуката со која е спроведена експропријацијата во 2005 година. Решението на Управниот суд беше потврдено со Решение на Вишиот управен суд во 2015 година (У-1 бр. 199/2015).

Хелсиншкиот комитет изразува загриженост поради ваквото одлучување на Управниот и Вишиот управен суд. Имено, и покрај тоа што е точно дека повторувањето на управната постапка според Законот за управните спорови е можно во рок од пет години од правосилноста на оспорениот правен акт, управните судови превиделе дека согласно член 118 од Уставот на РМ меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Во практиката, ова значи дека правната сила на ЕКЧП е над правната сила на домашните закони, односно дека во ситуација кога постои конфликт помеѓу домашното и меѓународното право, државните органи мораат да се држат до одредбите на меѓународното право. Одредбите што се однесуваат на застарувањето утврдено преку одредбите од законите за кривичната и парничната постапка и Законот за управните спорови треба да бидат изменети на начин што роковите за почеток на застареност треба да течат од правосилноста на пресуда на ЕСЧП, а не од правосилноста на конечниот акт пред домашните судови.

## 5. СЛУЧАЈ ЈАСМИНКА АНГЕЛОВА

Хелсиншкиот комитет ја следи судската постапка на приватната тужителка Јасминка Ангелова, сопруга на лидерот на политичката партија Достоинство, поради сторена телесна повреда од страна на полициски службеник на протестот одржан на осми мај 2015 година.

Во текот на постапката, што сè уште е во фаза на помирување, судот ја казни приватната тужителка со паричен износ од 500 евра поради навреда на судот. Имено, судијата сметал дека објавениот статус

[6] http://goo.gl/XXTCGj.

на „Фејсбук“ на приватниот профил на тужителката во кој изјавила дека обвинетиот не се појавува на закажаните судења и судот не бил во тек со предметот е навреда за судот. На ваквата одлука дополнително влијаел фактот што статусот на „Фејсбук“ бил преземен од страна на интернет-порталот „Народен глас“, поради што судијата сметал дека се работи за колумна.

Ваквата одлука беше обжалена од страна на тужителката и Кривичниот совет одлучи да ја уважи жалбата и да го укине спорното решение. Во својата одлука Кривичниот совет има наведено дека е нејасно на кој начин и со кои зборови тужителката го навредила судот, поради отсуството на навредувачки зборови во нејзиниот статус на „Фејсбук“, потоа преземен од интернет-портал. Дополнително, за судот е нејасно како судијата утврдил дека тужителката го навредила и обвинетиот, особено поради тоа што е очигледно дека не постоела согласност за преземање на нејзиниот статус од интернет-порталот „Народен глас“.

## 6. ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Хелсиншкиот комитет повторно утврди повреда на правото на судење во разумен рок во судски спор за поништување решение за отказ. Во конкретниот случај се работи за лице кое во својство на тужител 3,5 години водело судска постапка за поништување решение за отказ дадено од казнено-поправната установа во кое работело. Во временскиот период од 3,5 години Основниот суд Скопје 2 Скопје еднаш го поништил спорното решение за отказ, но поради тоа што оваа пресуда била укината од страна на Апелацискиот суд Скопје, била донесена негативна пресуда за тужителот, што потоа била потврдена од второстепениот суд. За да ја донесе првата пресуда на првостепениот суд му требало една година и седум месеци, иако постапките од работен однос пред првостепениот суд мораат да завршат најдоцна во рок од шест месеци од поднесување на тужбата.

Второстепениот суд, пак, постапувал по жалбата на тужителот повеќе од една година и два месеца, иако постапките пред второстепениот суд мораат да завршат најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од два месеца доколку пред второстепениот суд се одржи расправа. Поради очигледната повреда на правото на судење во разумен рок, тужителот поднесе барање за заштита до Врховниот суд на Република Македонија, што му беше прифатено и му беше досуден справедлив надоместок во износ од 30.000 денари. Судот утврди повреда на националното законодавство, но и на одредбите од Европската конвенција за човекови права. Имено, во член 6 од Европската конвенција за човековите права е наведено дека „Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски“.

## 7. РАЗЛИЧНИ ПРЕСУДИ ВО РАЗЛИЧНИ СУДОВИ ЗА ИСТ КРИВИЧНО-ПРАВЕН НАСТАН

Јавноста беше информирана за случајот на жртвата на семејно насилство и грабнување од Крива Паланка, а која подоцна стана обвинета во постапка за кривично дело лажно пријавување на истиот настан. Овој случај е уште еден пример како жртвите на семејно насилство се виктимизирани и од страна на системот што треба да ги заштити.

Имено, жртвата беше гонета од страна на Јавното обвинителство во Крива Паланка за давање на лажен исказ дека нејзиниот претходен партнер ги сторил кривичните дела силување и грабнување,

иако за истиот кривично-правен настан лицето се јавува како супсидијарен тужител пред Основниот суд Куманово. Постапувајќи по ваквиот предлог, Основниот суд во Крива Паланка донесе одлука со која утврди вина на страната на жртвата за давање на лажен исказ, што потоа беше потврдена од Апелацискиот суд во Скопје.

Во втората постапка за истиот настан, што се водеше пред Основниот суд Куманово, и во која жртвата се јавува како супсидијарен тужител, судот донесе пресуда со која го прогласи за виновно истото лице кое се јавува како оштетен во горенаведената постапка што се водела пред Основен суд Крива Паланка. Оваа одлука сè уште не е правосилна.

Поради горенаведените причини жртвата има поднесено барање за законитост до јавниот обвинител на РМ, за кое сè уште нема добиено одговор.

Хелсиншкиот комитет изразува загриженост за ваквото постапување на основните судови во Крива Паланка и Куманово, затоа што за еден ист кривично-правен настан се донесени сосема спротивставени пресуди, а со тоа се повредува начелото на правна сигурност.

# IV УСТАВ И ЗАКОНОДАВСТВО

## 1. ЗАКОН ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА

На 11 февруари 2015 година, во скратена постапка и без стручна и јавна расправа, Собранието на РМ го усвои Законот за Советот за утврдување акти и покренување постапка за утврдување одговорност за судија. Советот за утврдување факти е предвиден како ново правосудно тело, што ќе има цел да преземе дел од работата на Судскиот совет на РМ. Главната надлежност на Советот за утврдување факти се однесува на покренување на дисциплинска постапка и постапка за нестручно и несовесно работење на судиите пред Судскиот совет на РМ. Советот за утврдување факти ќе може иницијативите за утврдување одговорност да ги отфрли, по што таквата негова одлука станува конечна, односно отфрлените иницијативи воопшто нема да бидат разгледувани од страна на Судскиот совет на РМ.

Советот за утврдување факти ќе биде составен од девет члена за кои е задолжително да се пензионирани правници, и тоа тројца судии, тројца јавни обвинители, двајца професори по право и еден адвокат. Покрај тоа што сите членови треба да бидат пензионирани, потребно е тие да имале непрекинат стаж од 15 години, да имаат истакнати резултати во своето работење и да не биле дисциплински санкционирани. Мандатот на избраните членови трае четири години без право на уште еден избор. Најмалку третина од членовите е предвидено да се од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Кандидатите за Советот за утврдување факти ќе се пријавуваат на јавен оглас, а ќе се избираат од страна на сите судии, на непосредни и тајни избори.

На 10 јули 2015 година, на гласањето за избор на членовите на Советот за утврдување факти, од вкупно 594 судии гласаа 535, а неважечки беа 160 ливчиња. Беа избрани седум членови на Советот, а уште еден член беше избран на 28 декември 2015 година кога од 573 судии запишани во Судскиот изборен именик гласаа 502 судии, а неважечки беа 67 гласачки ливчиња. До затворањето на овој извештај, сè уште не е избран последниот, деветти член, кој треба да биде од редот на пензионирани професори, припадник на заедниците кои не се мнозинство. Големиот број на неважечки ливчиња јасно говори за ставот на голем број судии што не се согласуваат со постоењето и функционирањето на вака замислениот Совет за утврдување факти.

Донесувањето на овој закон и работата на Советот за утврдување факти е спорно од два аспекта. Прво, можноста Советот за утврдување факти да отфрла иницијативи и таквата негова одлука да биде конечна е во спротивност со Амандман XXIX на Уставот на РМ во кој е утврдено дека дел од надлежностите на Судскиот совет на РМ се да ја следи и да ја оценува работата на судиите и да одлучува

за нивната дисциплинската одговорност. Имено, Судскиот совет на РМ нема да биде во можност да ги разгледува отфрлените иницијативи со што претставките против голем број судии ќе завршуваат пред Советот за утврдување факти. Ваквата улога на Советот за утврдување факти е неуставна, имајќи предвид дека овој орган, за разлика од Судскиот совет на РМ, не е предвиден во Уставот на РМ. Како резултат на овој закон би се суспендираат дел од уставните надлежности на Судскиот совет на РМ. Второ, условот единствено пензионирани судии, обвинители, професори и адвокати да можат да бидат членови во Советот за утврдување факти е еднаков на директна дискриминација по основа на возраст и е спротивен на член 32 од Уставот во кој е предвидено дека секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Уставноста на овој закон беше оспорена пред Уставниот суд, кој во ноември 2015 година со Решение У. Бр. 23/2015 ја отфрли иницијативата и не поведе постапка со образложение дека оцената на целисходноста на ваквото законско решение е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд, кој единствено е надлежен да цени дали постојните закони се во согласност со Уставот. Сепак, судијката Наташа Габер Дамјановска, во своето Издвоено мислење наведе дека „Ваквото законско решение не поседува разумна оправданост и произведува нееднаквост, односно дискриминација на категоријата лица кои сè уште не го стекнале правото на пензија, а се потенцијални аспиранти за јавната функција член во Советот за утврдување факти, наспроти категоријата лица кои веќе се пензионери. Дополнително, кон крајот на 2015 година, Венецијанската комисија, која го анализира законот, повика на целосна ревизија на законската рамка за дисциплински мерки и разрешување судии. И покрај тоа што Советот за утврдување факти требаше да почне со работа во јануари 2016 година, до затворањето на овој извештај тоа не беше случај.

## 2. НЕУСТАВЕН ИЗБОР НА МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

На 12 мај 2015 година, како резултат на скандалот со нелегално прислушуваните разговори, претседателот на Владата на РМ до Собранието на РМ достави допис во кој извести за оставките на министрите за внатрешни работи и транспорт и врски. Во дописот беше содржан и предлог за избор на нов министер за внатрешни работи, а лицето предложено за функцијата беше г. Митко Чавков, поранешен директор на Бирото за јавна безбедност при МВР. Видено од кратката биографија на г. Чавков, тој од периодот април 2012 година до мај 2013 година работел на работното место „началник на централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност при МВР".

Согласно член 97 од Уставот на РМ, со органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години. Орган на државната управа во областа на полицијата е МВР, а раководното лице е министерот за внатрешни работи. Според тоа, за да биде избран за министер, г. Чавков морал да биде цивилно лице најрано од април 2012 година. Имајќи предвид дека сè до мај 2013 година тој бил полициски началник, произлегува дека г. Чавков не го исполнува условот предвиден во член 97 од Уставот на РМ.

Комитетот потсетува дека во 2004 година, пред Уставниот суд на РМ, го оспори изборот на г. Силјан Аврамовски како министер за внатрешни работи. Причината за оспорувањето беше работниот ангажман на г. Аврамовски најпрвин како помошник-директор, а подоцна (во рокот од три години пред назначувањето) и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. За жал, со Решение У. Бр. 127/2004, Уставниот суд се прогласи за ненадлежен да одлучува по ова прашање, посочувајќи дека е

право на Собранието да ги избира министрите во Владата и дека одлуката за избор по својот карактер и содржина претставува поединечен акт, со кој не се уредуваат односи помеѓу неопределен број субјекти на општ начин и истиот не е пропис.

Хелсиншкиот комитет смета дека прифаќање на предлогот на премиерот од страна на мнозинството пратеници претставуваше јасно, свесно и недвосмислено прекршување на Уставот на РМ. Комитетот укажува дека споменатото решение на Уставниот суд не смееше да се користи како оправдување за неуставен избор на идниот министер за внатрешни работи.

# V ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ И ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

## 1. ВОВЕД

Следејќи ги состојбите со затворените институции и полициското постапувања, Хелсиншкиот комитет констатира дека не е забележан никаков напредок во заштитата на правата на лицата сместени во затворени институции и во текот на оваа година, ниту, пак, во постапувањето на полицијата. Напротив, сведоци сме на систематско кршење на правата, физичкиот интегритет и достоинството на граѓаните од страна на органите на државата. Иако пристапот на Хелсиншкиот комитет до затворите сè уште претставува проблем, информациите за условите и третманот се добиени преку затвореници кои се обратиле до Хелсиншкиот комитет за правна помош. Наодите во оваа област исто така се засноваат на судски пресуди, статистички показатели и медиумски покриени случаи, што ги проверува и ги проследува Хелсиншкиот комитет.

Затворите и психијатриските установи, како институции од затворен вид, се соочуваат со супстандардни услови за живот, спротивни на повеќе меѓународни и домашни документи. Еден од основните проблеми што опстојува повеќе години е пренатрупаноста, што ја загрозува приватноста, а воедно и го нарушува достоинството на луѓето, доведувајќи до нечовечки и нехумани услови за живот во затворените институции. Механизмите за надзор на овие институции се речиси нефункционални, иако нивната надлежност предвидува преземање на значителни чекори за унапредување на состојбите и заштита на правата на лицата во тие институции. Дополнително, третманот што го добиваат лицата многу често е нечовечки, што е во спротивност со принципот на апсолутна забрана за тортура од страна на институциите. Понатаму, сторителите на тортура остануваат неказнети, што не само што не го спречува ваквото однесување туку и дополнително го охрабрува.

Во значителен пораст е нотирана употребата на прекумерна физичка сила од страна на полициски службеници, за што говори и фактот дека Европскиот суд за човекови права изрекол пет одлуки против Република Македонија во текот на 2015 година. Во пресудите, се забележува дека има прекршувања на процедуралната и суштинската заштита, што ја обезбедува член 3 од Европската конвенција за човекови права. Со други зборови, не само што полициските службеници се служеле со нечовечки и нехумани постапки кон граѓани туку и механизмите за внатрешна контрола во ниту еден случај не успеале да утврдат незаконско однесување на полициските службеници и да спроведат ефективна истрага. Ваквата состојба е последица и на прекумерното вработување на нови полициски службеници во Министерството за внатрешни работи, што има цел пораст во квантитет на сметка на квалитетот на вработениот кадар.

Нотираните состојби во оваа област во текот на 2015 година упатуваат на заклучок дека апсолутната забрана за тортура не се почитува во Република Македонија. Хелсиншкиот комитет апелира да се посвети зголемено внимание на затворените институции, но и да се преземат итни и суштински промени за едукативна надградба на службените лица кои применуваат овластувања, како и да се санкционираат сите случаи на употреба на непотребна и прекумерна употреба на физичка сила.

## 2. СЛУЧАЈ ЛЕОН РАПОСКИ – НЕХУМАН ТРЕТМАН ОД ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „БАЊА БАЊСКО"

Случајот за глувонемото дете – жртва на нехуман третман, од страна на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Бањско", ја брануваше јавноста и беше предмет на особено внимание од страна на Комитетот. Сознанијата за случајот беа добиени од извештај на Народниот правобранител, кој при посета на Заводот за заштита и рехабилитација „Бања Банско" го утврдил нехуманиот третман врз детето, кое било затекнато врзано за кревет, со образложение дека не може да биде контролирано на поинаков начин. За овој случај Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство во Струмица, против директорката на Центарот за социјални работи во Битола, директорката на Заводот за рехабилитација „Бања Банско" и против лицата кои директно биле одговорни за Леон во овие установи, за сторени кривични дела „мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување" и „малтретирање во вршење на службата". Кривичната пријава беше отфрлена од страна на Основното јавно обвинителство во Струмица со образложение дека пријавените дела не се гонат по службена должност, како и дека врзувањето на детето било од оправдани, безбедносни причини. Ваквата одлука потоа беше потврдена и од страна на Вишото јавно обвинителство во Штип. Од овие причини Хелсиншкиот комитет достави барање за преземање кривично гонење до јавниот обвинител на Република Македонија, кој не успеа да утврди повреда на правата на детето и нехуман третман и ги потврди претходните одлуки на обвинителството.

Од овие причини Хелсиншкиот комитет достави апликација до Европскиот суд за човекови права во име на Леон Раповски за повреда на член 3 од Конвенцијата, што се однесува на забраната за тортура и нехумано однесување и член 13, што се однесува на правото на реална жалба. Апликацијата беше прифатена од страна на судот и постапката е во тек.

## 3. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА

Во текот на септември 2015 година почна собирањето на 10.000 потписи од граѓани за покренување на граѓанска иницијатива за усвојување закон за амнестија. Предлогот на законот предвидува ослободување од извршување на 40% од казната затвор за сите правосилно осудени лица, целосно ослободување на лицата кои првпат се осудени на казна затвор до шест месеци, ослободување на 50% од изречената казна од шест до дванаесет месеци и целосно ослободување на осудени лица кои навршиле 75 години од животот. Иницијативата беше успешна, а неопходните гласови беа собрани за неполн месец. Сепак, Собранието на РМ во ноември 2015 година не го усвои предложениот закон, а во декември 2015 година не беше усвоен ниту предлогот за закон за амнестија на пратениците Павле Трајанов и Лилјана Поповска.

Последниот закон за амнестија на правосилно осудени лица во Република Македонија беше усвоен во 1999 година („Службен весник на РМ", бр. 6/99), односно пред повеќе од 17 години. Во регионот на

западниот Балкан закони за амнестија на генералната затворска популација беа донесени во Србија (2012), Косово и Црна Гора (2013). Во зависност од државата, тие закони се однесуваа на ослободување на 25% од затворската казна, а не се однесуваа на одредени кривични дела, како што се, на пример, потешки форми на убиство, производство и пуштање во промет на опојни дроги, кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, организиран криминал и корупција и кривични дела содржани во меѓународното хуманитарно право.

Имајќи го предвид долгиот период од последниот закон за амнестија, големата пренатрупаност во затворите и непочитувањето на основните човекови права на осудените лица, Хелсиншкиот комитет смета дека донесување закон за амнестија е соодветна и неопходна мерка. Сепак, сметаме дека за усвојување на ваков закон неопходна е поширока јавна расправа во која мораат да бидат вклучени сите засегнати страни, вклучително и државни, научни и граѓански институции и организации. Јавната расправа треба да биде организирана во насока на наоѓање на најсоодветниот модалитет за амнестија, процена на ризиците од можното зголемување на рецидивизмот, но и утврдување на причините за пренатрупаноста, нефункционалната политика за ресоцијализација и подобрување на условите во кои се издржува казната затвор.

## 4. ВРАБОТУВАЊЕ НА 600 Н ОВИ ПОЛИЦАЈЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

На 10 јули 2015 година, МВР објави оглас за вработување на 652 извршители, од кои 600 на работно место „Полицаец“. Огласот следуваше по огласите за вработување на 300 полицајци во 2012-та и 400 полицајци во 2013 година. Според тоа, за три години, МВР ќе се јави како работодавач на нови 1.300 полицајци. Во ноември 2013 година Хелсиншкиот комитет до МВР испрати барање на информации за вкупниот број на вработени лица во Министерството. Според одговорот, тој број изнесувал 10.755 од кои 6.579 се униформирани полициски службеници, а другите вработени се неуниформирани, овластени лица, државни службеници и технички персонал.

Имајќи предвид дека овие податоци се однесуваат на бројот на вработени пред потпишување на договорите за вработување со кадетите од огласите објавени во 2012 и 2013 година, бројот на униформирани полицајци во Република Македонија изнесува максимум 7.297 (реалната бројка е веројатно малку помала, имајќи предвид дека дел од полицајците во изминатата година и пол го исполниле условот за пензионирање). Доколку на оваа бројка се додадат новопредвидените 600 полицајци, вкупниот број вработени во МВР ќе надмине 11.000, а бројот на униформирани полицајци ќе биде околу 7.900.

Овие бројки доведуваат до заклучок дека МВР е најголемиот работодавач во Македонија и дека на секои 100.000 жители ангажирани би биле приближно 395 полицајци (според пописот од 2002 година). Според истражување на Обединетите нации, просечниот број на овој соодност во светот е 300[8]. Што се однесува на вкупниот број вработени во МВР, според статистиката на Евростат, македонското МВР се наоѓа на трето место по број вработени.[9] Статистиката се однесува на 38 европски држави, а повеќе вработени има единствено во Кипар и Црна Гора.

Особено загрижува фактот што при објавување на огласите МВР не нуди никакво образложение која е потребата од зголемување на и толку преголемиот број вработени. Дополнително, граѓаните не се известени за финансиските импликации од овие вработувања, што во голема мера го обременуваат

[8] UN: Twelfth United Nations Congresson Crime Prevention and Criminal Justice, Salvador, Brazil, 12-19 April 2010, State of crime and criminal justice worldwide, стр. 19.
[9] EUROSTAT: File: Police officers, average per year, 2007-09 and 2010-12 (per 100 000 inhabitants).

државниот буџет. Покрај тоа што не се консултира со заедницата, МВР не постапува ниту согласно Стратегијата за реформи на полицијата на Владата на РМ од 2003 година и нејзиниот анекс од 2004 година, преку кој се предвиде намалување на бројот на вработени на 7.200 лица, од кои 6.000 би биле униформирани полициски службеници.

Сето ова, заедно со незадоволителниот 12-месечен тренинг на кадетите што не е доволен и е главно насочен кон совладување на теоретски знаење, укажува на крајна политизација и партизација на МВР. Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет го повика МВР да го повлече објавениот оглас и наместо на квантитет и вработување на партиски кадри да се посвети на професионализација на полицијата и бројот на вработени да го усогласи со бројките предвидени во Стратегијата за реформи на полицијата. И покрај повикот, на 4 август 2015 година, МВР објави дека на огласот се пријавиле над 2.600 кандидати со што почна официјалната селекција на новите полицајци.

## 5. НЕКАЗНИВОСТ НА ТОРТУРАТА ВО ЗАТВОРИТЕ И ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

Во текот на 2015 година, Европскиот суд за човекови права во Стразбур донесе рекордни 5 (пет) пресуди што се однесуваат на член 3 од Европската конвенција за човекови права – Забрана на мачење. Во сите пресуди се работи за тортура извршена од страна на државни службеници, но и покрај тоа што овие случаи биле пријавени во обвинителството, за нив или воопшто немало никаква истрага или истрагата била целосно неефективна поради што оштетените во дел од случаите поднеле приватни тужби што или биле отфрлени или недоволно разгледувани од страна на судовите. Поради ваквото постапување на обвинителствата и судовите, потешко биле повредени правата на жалителите, а Република Македонија само по овој член од конвенцијата беше казнета со околу 50.000 евра, средства што треба да се исплатат како отштета за жртвите.

Во предметот Аслани против Македонија (Жалба бр. 24058/13), вработен во пекарница во Ресен, во 2008 година од страна на полициски службеник би спроведен во Полициската станица во Ресен, поради наводно незаконско работење на пекарницата. Во полициската станица г. Аслани бил омаловажуван и малтретиран, како психички, така и физички, поради што му биле нанесени и телесни повреди. Еден од полициските службеници во случајот подоцна станал градоначалник на Општина Ресен. И покрај тоа што случајот бил пријавен и до надлежното обвинителство и до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, никогаш не дошло до ефективна истрага, а следствено ниту до судење. Во овој случај Македонија беше казнета со 11.700 евра отштета за жалителот.

Во предметот Хајрулаху против Македонија (Жалба бр. 37537/07), г. Хајрулаху во 2005 година бил киднапиран и држен во изолација три дена во куќа, вонредно место за притвор надвор од секоја судска рамка, што било тајно организирано и извршено од страна на безбедносните сили на Република Македонија. Тој таму бил малтретиран од страна на полицијата, а и покрај тоа што случајот подоцна бил пријавен, немало ефективна истрага за неговите наводи за малтретирање, ниту за наводите дека неговата осуда била заснована на признание добиено под принуда. Во овој случај Македонија беше казнета со 8.010 евра отштета за жалителот.

Во предметот Андоновски против Македонија (Жалба бр. 24312/10) Европскиот суд за човекови права донесе уште една пресуда преку која беше утврдено дека Македонија ја повредила Конвенцијата за човекови права затоа што не обезбедува заштита од тортура и несоодветно и неефективно се справува со случаите на тортура на нејзина територија. Овој предмет се однесува на хирург од Куманово, кој бил

претепан од страна на полицијата по што се здобил со многубројни физички повреди. И покрај тоа што тој за случајот поднел кривична пријава, Основното јавно обвинителство Куманово ја отфрлило поради наводно немање на доволно докази. И покрај тоа што г. Андоновски потоа поднел приватна тужба, судовите обрнале малку внимание, па неговиот случај завршил со наводно повлекување на неговата тужба, по што тој морал да ги плати сите трошоци на постапката. Европскиот суд заклучил дека државата не можела да ја оправда прекумерната и неоправданата сила употребена од страна на полицијата, а со оглед на фактот што обвинителството одбило да гони повреден бил член 3 (заштита од тортура) од Европската конвенција. Во овој случај Македонија беше казнета со 15.000 евра отштета за жалителот.

Во предметот Китановски против Македонија станува збор за жртва на полициска тортура. Врз жртвата бил отворен оган по што тој бил брутално претепан, бидејќи одбил да застане за време на сообраќајна контрола. По поднесување на кривична пријава од страна на МВР против г. Китановски, тој бил осуден, но неговата кривична пријава против полицајците воопшто не била процесирана од страна на Основното јавно обвинителство Скопје. Европскиот суд заклучи дека обвинителството не ги презело сите истражни мерки и не направило никаков обид да го испраша жалителот, полицајците или кое било друго лице кое можело да обезбеди релевантни информации во насока на расветлување на фактите на случајот. Во овој случај Македонија беше казнета со 10.000 евра отштета за жалителот.

Во предметот Илиевска против Македонија повторно станува збор за жртва на полициска бруталност над г-ѓа Илиевска за време на нејзиниот спровод од Крива Паланка до Психијатриската болница во Бардовци. Како и во претходните случаи, жалителката поднела кривина пријава против полицајците, но таа била отфрлена од страна на Основното јавно обвинителство Крива Паланка, по што жалителката поднела приватна тужба по која судот се изјаснил дека немало доволно докази против полицајците. Во овој случај Македонија беше казнета со 5.000 евра отштета за жалителката.

И покрај тоа што овие настани се случиле помеѓу 2004 и 2009 година, Хелсиншкиот комитет во последните три години има регистрирано дузина слични случаи што се слични на опишаните настани и за кои обвинителството не спроведува ефективна истрага. Такви примери се тортурата врз тројца притвореници од Албанија, кои беа врзани со лисици за радијатори[10], претепаниот притвореник кому му било наредено да се соблече гол во тоалетот на притворот[11], брутално нападнатиот граѓанин на улица во Охрид од страна на полицијата,[12] осуденото лице кое по напад на затворски полицаец изгуби еден бубрег и слезината[13], нападот на голем број полициски сили против граѓани од ромската заедница во населбата Топаана,[14] претепувањето на невино момче во Полициската станица во Демир Хисар,[15] тепањето на малолетни деца Роми од страна на полициската единица „Алфа“,[16] врзувањето со јаже на малолетниот Леон погрешно сместен во психијатриска установа,[17] употребата на загадена вода во Затворот „Куманово“[18] итн.

Хелсиншкиот комитет упатува порака до властите да спроведат политика на нулта толеранција за акти на тортура од страна на службени лица. Пасивноста на Јавното обвинителство во случаи на тортура, особено кога се врши од страна на полициските службеници, доведува до недоверба на граѓаните во

[10] Хелсиншки комитет, Квартален извештај (октомври-декември 2012): http://www.mhc.org.mk/reports/99.
[11] Хелсиншки комитет, Месечен извештај – март 2013: http://www.mhc.org.mk/reports/124.
[12] Хелсиншки комитет, Квартален извештај (април-јуни 2013): http://www.mhc.org.mk/reports/145.
[13] Ibid.
[14] Ibid.
[15] Хелсиншки комитет, Двомесечен извештај (јули-август 2013): http://www.mhc.org.mk/reports/149.
[16] Хелсиншки комитет, Двомесечен извештај (април-мај 2014): http://www.mhc.org.mk/reports/219.
[17] Хелсиншки комитет, Месечен извештај – јуни 2014 година: http://www.mhc.org.mk/reports/237.
[18] Хелсиншки комитет, 20 октомври 2014 година: http://www.mhc.org.mk/announcements/254.

правосудниот систем и непријавување на ваквите дела. Крајно време е за соочување со феноменот на неказнивост и солидаризирање на Јавното обвинителство и судството со полицијата. Главниот фокус мора да се насочи кон жртвите на тортура за кои државата сè уште не обезбедува соодветна правна, медицинска, психолошка и социјална поддршка. За постигнување на оваа цел, Комитетот апелира најитно да се имплементира ЕУ Директивата 2012/29 за воспоставување на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал.

## 6. АПЕЛАЦИСКИОТ СУД БИТОЛА ВО ЗАШТИТА НА ПОЛИЦИСКОТО МАЛТРЕТИРАЊЕ

Хелсиншкиот комитет, од август 2013 година, го следеше предметот М.В. (жртва на полициско насилство и малтретирање), против Т.А. (полициски службеник во СВР Битола). М.В. во јуни 2013 година, од страна на полициски службеник од Полициската станица Демир Хисар бил повикан на информативен разговор, без да му се каже причината за тоа. Според сведочењето на М.В., веднаш по влегувањето во станицата, еден полициски службеник почнал да му вика и да го навредува, обвинувајќи го за кражба на акумулатори. Во просторијата тогаш влегол Т.А. и без никаков повод го удрил М.В. со колено во пределот на ребрата, потоа го удирал по главата и го газел по телото.

Од ваквиот напад М.В. паднал на подот, по што полицискиот службеник го кренал и го однел во друга просторија во која се наоѓале малолетници. Децата биле осомничени за кражба на акумулатори. Т.А. почнал да им се заканува и да им врши притисок да признаат дека и М.В. бил со нив кога краделе. И покрај притисокот, децата не ја потврдиле оваа теорија. На крајот, Т.А. го известил М.В. дека неговиот камион е проверен, дека во него нема украден акумулатор, по што го ослободил. М.В., заедно со својот татко, веднаш се упатил кон болница во Демир Хисар од каде што бил испратен на хируршкото одделение во ЈЗУ Битола. Поради болките и повредите, М.В. бил задржан на дводневно лекување. За овој настан М.В. поседува лекарски уверенија, медицински наоди и судско-психијатриското вештачење за нематеријална штета.

Правниот застапник на М.В. до Основниот суд во Битола поднел приватна кривична тужба за кривичното дело „телесна повреда“, по што Судот почна со постапка што во целост беше набљудувана од страна на Хелсиншкиот комитет. Според член 49, став 3 од Законот за кривичната постапка [ЗКП, „Службен весник на РМ“, 15/2005 (пречистен текст)], Основниот суд требаше да утврди дека пријавеното дело („Мачење и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување“ од член 142 од Кривичниот законик) се гони по службена должност, а не по приватна тужба и тужбата да ја препрати до Основното јавно обвинителство Битола. Тоа не се случи, па судењето се одвиваше во спротивност на ЗКП.

Во текот на 2014 година, Основниот суд ја донесе Пресудата К-432/13 со која полицискиот службеник беше огласен за виновен и му беше изречена условна осуда во траење од 30 дена, со проверка од една година. Постапувајќи по жалбата на обвинетиот полициски службеник, Апелацискиот суд Битола со Решението КЖ-684/14 ја укина пресудата на Основниот суд и предметот го врати на повторно судење. Според Апелацискиот суд, не било јасно како настанале телесните повреди кај жртвата. По повтореното судење, а имајќи ги предвид упатствата на Апелацискиот суд, Основниот суд донесе Пресуда К-564/14 со која обвинетиот беше ослободен од обвинението. По жалбата на жртвата, Апелацискиот суд, во ноември 2015 година, преку Пресудата КЖ-277/15, ја потврди ослободителната пресуда на Основниот суд.

По набљудувањето на сите судски рочишта и разгледувањето на списите во предметот, Хелсиншкиот комитет изразува жалење и загриженост за постапките на Основниот суд Битола, кој не смееше да

постапува по приватна тужба. Предметот мораше да биде препратен на истрага до Основното јавно обвинителство. Особено загрижува односот на Апелацискиот суд, кој преку своите упатства до Основниот суд, се стави во заштита на полициското насилство и самоволие. Поради сите овие причини, Хелсиншкиот комитет жртвата ќе ја застапува пред Европскиот суд за човекови права.

## 7. ГУМЕНИТЕ КУРШУМИ ГИ ЗАГРОЗУВААТ ПРАВАТА НА ГРАЃАНИТЕ

На 02.03.2015 година, Собранието на РМ со 59 гласа за и со три против го изгласа Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, со кој полицијата доби законска основа да користи нови средства за присилба при растурање на насилни протести. Помеѓу новите средства за присилба се електричниот парализатор, гумениот куршум и пиротехничко-експлозивните средства (член 91, став 2, точка 3, 5 и 8). Новиот закон, предвидува и нов член, 91-а, каде што се пропишани условите за употреба на новите средства за присилба против група. Така, се предвидува електричниот парализатор да се употребува за моментално справување, привремено онеспособување и доведување во послушност на агресивни лица, кога со други средства лицето не може да се доведе во послушност; гумениот куршум да се употребува за привремено онеспособување лица од толпа која активно го нарушува јавниот ред и мир; додека пиротехничко-експлозивните средства се флеш, шок и чадни бомби што се употребуваат за воспоставување на нарушен јавен ред и мир, извлекување лица од затворен простор, одвлекување внимание или решавање на заложнички ситуации. Меѓутоа, овие одредби се спротивни на релевантните меѓународни стандарди, практиката на Европскиот суд за човекови права и претставуваат голема опасност по животот и здравјето на луѓето врз кои се применуваат и се целосно непотребни при спроведувањето на законите во Република Македонија.

Во справувањето со опасните сторители на кривични дела, кај полициите во Европа може да се забележи растечка тенденција на примена на т.н. несмртоносни оружја, помеѓу кои се и новите средства за присилба предвидени во Законот за полиција. Но, разликата е во утврдувањето кога, односно при кои услови, полицискиот службеник може да ги примени овие средства и која е точната постапка, односно процедура за нивна примена.

Европскиот комитет за превенција од тортура и друго нечовечно или понижувачко постапување и казнување (КПТ) во своите Стандарди[19] јасно и недвосмислено вели дека примената на оружја со електрично празнење (ОЕП) можат да се применуваат само кога постои „непосредна закана по животот или ризик од сериозна повреда". Понатаму, КПТ продолжува со ставот дека „примената на овие оружја единствено со цел да се обезбеди почитување на редот е недопустлива". Новиот член 91-а утврдува дека електричниот парализатор ќе се применува кога со други средства лицето не може да се доведе во послушност, но истовремено не предвидува дека треба да постои непосредна закана по животот на некое лице или непосреден ризик од телесна повреда. Нашиот законодавец неосновано го намалува прагот на условите потребни за примена на ова средство на едноставна агресивност кај лицето против кое ќе се примени. Оваа општа одредба во практиката ќе води до мошне субјективно и широко толкување на тоа кое однесување на лицата може да се смета за агресивно, а кое според законот може, но и не мора да претставува непосредна закана по животот или ризик од сериозна повреда. За крај, и самиот КПТ заклучува дека примената на овие оружја задолжително е проследена со значителен ризик по здравјето на лицето врз кое се применува и дека полицискиот службеник кој го применува мора да биде обучен и за давање на прва помош при настапување на овие несакани ефекти. Повторно,

[19] CPT/Inf/E (2002) 1 – Rev. 2015.

недоволно јасното одредување на условите кога може да се примени ова средство, носат неприфатлив ризик за животот и здравјето на граѓаните и практична и реална опасност дека при нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, полицискиот службеник кој применува електричен парализатор кон група лица, нема да може навремено да реагира доколку предизвика сериозна опасност по животот и здравјето на таргетираното лице.

Гумените куршуми се исто така мошне контроверзни средства за присилба при одржувањето на јавниот ред и мир. Во својата пресуда во случајот Киоркан и др. против Романија (Апликација бр. 29414/09 и 44841/09), Европскиот суд за човекови права јасно се изразува дека гумените куршуми можат да се применат само кога нивната примена е „апсолутно неопходна" во смисла на член 2, став 2 од Европската конвенција за човекови права, односно во ситуациите кога е дозволена законска акција против човековиот живот. Иако огнеиното оружје може да се примени при законски акции насочени кон смирување бунт или немири, сепак активното нарушување на јавниот ред и мир, што согласно новиот член 91-а е единствениот услов потребен за примена на ова средство не ги исполнува стандардите за примена на огнено оружје. Истражувањата покажуваат дека проблемот со гумените куршуми е што можат да бидат смртоносни при удар од кратко растојание, како и дека можат да предизвикаат сериозни повреди при погодок и од поголемо растојание, а постои и сериозна опасност од рикошетирање, што ги прави многу непрецизни при употребата.

Притоа, мора да се наспомене и дека станува збор за симптоматичен момент во кој законодавната власт одлучи на ваков начин да го прошири спектарот на средства за присилба што може да се примени против група. Како што и самиот КПТ наведува, одлуката да им се доделат на државните сили овластувања за примена на вакви оружја мора да биде резултат на темелна дебата во државата на законодавно и извршно ниво. Во Република Македонија, таквата дебата отсуствуваше. Собраниското читање на овие законски измени со кои сериозно и директно се навлегува во правото на живот на граѓанинот помина без поширока општествена дебата, без презентирање на релевантни истражувања и во услови кога пратениците на опозицијата се надвор од Парламентот. Дополнително, овие измени беа донесени во услови на најголем број на мирни и ненасилни јавни собири на граѓаните досега. Изолираните случаи на нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, што се случија на неколку насилни протести во 2014 година не се доволни за оправдување на ова проширување на средствата за присилба против група лица. Понатаму, во законот е утврдено дека подзаконските акти требаше да бидат донесени во рок од шест месеци, но овој законски рок не е испочитуван и ваквите акти сè уште не се донесени. Ова значи дека постои законска можност што дозволува примена на новите средства, без таа примена да биде детално регулирана, што доведува до зголемена манифестација и субјективно оценета примена на сила од страна на полицијата и власта, што резултира со зголемување на стравот на граѓаните од полицијата.

## 8. ПСИХИЈАТРИСКИ УСТАНОВИ

Во текот на октомври 2015 година, претставници на Хелсиншкиот комитет оствария посети во две психијатриски установи, ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" лоцирана во Бардовци и ЈЗУ Психијатриска установа Демир Хисар. Посетите на сите установи од ваков вид продолжуваат да се спроведуваат и во текот на 2016 година.

Психијатриската болница „Скопје" е најголемата установа од овој вид, чијшто сместувачки капацитет е околу 1.000 легла, а бројот на персонал изнесува 353 вработени лица. При посетата е утврдено дека,

иако постои благ напредок во условите во установата, сепак се забележани многубројни недостатоци. Со исклучок на реновираните одделенија (акутно одделение и „хостелот“), условите за живот во другите делови се супстандардни. Личната хигиена на пациентите е лоша и за поголем дел од нив се добива слика дека се целосно запуштени. Во болницата има сериозен недостаток на програми за рехабилитација и минимален број активности во кои се вклучени пациентите, како работа во кујна, ликовни и музички активности или изработка на предмети. На поголем дел од пациентите деновите им минуваат го гледање телевизија и спиење, што влијае негативно на нивната здравствена состојба.

Во психијатриската установа во Демир Хисар, иако во моментот на посетата капацитетот беше околу 80% исполнетост, сепак во повеќето делови се забележува пренатрупаност и главно нема услови за почитување на приватноста на пациентите. Генерално, условите за живот се под утврдените стандарди, влага, а и хигиената не е на задоволително ниво. Институцијата е од затворен тип, поради што сите одделенија се постојано заклучени. Во оваа болница се лекуваат и малолетни лица, односно лица од 16 до 18 години, кои не се сместени одделно, туку заедно со возрасните пациенти. Поголем дел од пациентите се вклучени во активности, што опфаќаат физички активности, ликовни, индивидуални и групни терапии. Меѓутоа, забележливо е дека персоналот ги третира пациентите како целосно неспособни, што лошо влијае врз нивниот напредок.

Во двете установи се нотирани два заеднички проблема. Првиот е непочитувањето на роковите за присилно сместување во институцијата, за кое од моментот на присилното сместување во установата, судот треба во рок од 48 часа да донесе одлука. Наместо предвидениот рок, на судот му се потребни по повеќе од четири дена додека ја издаде одлуката. Во недостаток на одлука на судот, на лицата кои се присилно донесени противзаконски им е ограничена слободата, а воедно им е загрозен и физичкиот интегритет и ментално здравје. Според тоа, Хелсиншкиот комитет посочува дека е неопходно да се почитуваат законските одредби и рокови за доброволна и присилна хоспитализација.

Вториот проблем што беше забележан е во спроведувањето на привремената мерка за заштита од семејно насилство. Според Законот за превенција, заштита и спречување од семејно насилство, сторителите на семејно насилство со одлука на судот се сместуваат во психијатриски установи под мерката „задолжително лекување доколку злоупотребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување“[20]. Меѓутоа, од остварените посети се констатира дека некои од лицата упатени под оваа мерка не се зависници на алкохол или дрога, ниту, пак, имаат психијатриско заболување. Во поединечен случај, мерката била изречена без судијата воопшто да го види лицето. Хелсиншкиот комитет смета дека сместувањето сторители на семејно насилство во овој вид институции е сериозно прекршување на нивните права, а воедно има и значително штетни последици по нивното здравје. Оттука, Хелсиншкиот комитет апелира во најскоро време да се измени Законот за превенција, заштита и спречување на семејно насилство и во ниту еден случај судот да не ја изрекува мерката, без судијата претходно да го види лицето или да добие мислење од здравствена установа.

[20] Закон за превенција, заштита и спречување семејно насилство, член 35 точка 9, „Службен весник на РМ“, бр. 138 од 17.09.2014, што се применува од 01.01.2015 година.

# VI ДИСКРИМИНАЦИЈА

## 1. ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет за човекови права активно ја следеше состојбата со дискриминацијата во Република Македонија во текот на 2015 година преку мониторинг на судски постапки поведени за недискриминација, преку добиени претставки од страна на граѓаните-жртви на дискриминација и преку поведени постапки пред телата за еднаквост и судовите. Дополнително, Хелсиншкиот комитет, заедно со другите членки на Мрежата за заштита од дискриминација, поднесе Извештај во сенка за дискриминацијата врз Ромите до Комитетот за елиминација на сите форми на расна дискриминација, дел од Обединетите нации, што утврди прекршување на правата на Ромите и дискриминација во повеќе области и даде препораки за нивно надминување.

Врз основа на сите информации од надлежните институции за заштита на граѓаните од дискриминација и случаите што беа пријавувани во Комитетот, може да се констатира дека, и покрај тоа што изминаа пет години од примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација и формирањето на Комисијата за заштита од дискриминација, сè уште не може да се зборува за ефективна заштита во делот на дискриминацијата, особено кога станува збор за маргинализираните групи. Главните точки што се однесуваат на пристапот до правда на жртвите од дискриминација, односно ослободувањето од судски трошоци за поведување на судска постапка за заштита од дискриминација, независност на Комисијата за заштита од дискриминација и вклучување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација, останаа неизменети.

Кон крајот на 2015 година почна постапката за избор на нови членови на Комисијата за заштита од дискриминација, што даде можност за суштинска промена во составот на Комисијата и вклучување на докажани експерти во полето на недискриминацијата. Сепак, Собранието одлучи да избере членови, од кои најголем дел немаат претходно искуство во областа и работа со ранливи групи, а дел од нив се поврзани со владејачката коалиција или, пак, се јавни поддржувачи на политиките на власта, особено кон политики што не овозможуваат еднаков третман на етничките малцинства во државата. Со направениот избор јасна е тенденцијата за уште поголема партизација и на ова тело, кое според меѓународните и домашните стандарди треба да биде независно. Дополнително, сметаме дека составот на Комисијата не е во духот на почитување на различностите, особено поради тоа што има само една жена-членка и не се вклучени припадници од помалите етнички заедници.

Сознанијата дека судската заштита во случај на дискриминација почна сè повеќе да се користи претставува индикатор за зголемена свесност кај граѓаните за можностите од судска заштита во

случаите на дискриминација. Сепак, најголемиот дел од поведените судски постапки се поддржани од здруженија на граѓани кои обезбедуваат правна помош во случаи на дискриминација, поради тоа што Законот за спречување и заштита од дискриминација не овозможува ослободување од судски трошоци при поведување на судска постапка. Од овие причини може да се констатира дека пристапот до правда за судска заштита од дискриминација останува ограничен.

Постапувајќи по претставките поднесени од страна на граѓани и следејќи ја состојбата во општеството и во медиумите, Комитетот утврди дека најголемиот дел се однесуваа на дискриминација врз основа на етничка припадност, политичка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет, пол и род, додека најизложени на дискриминација беа Ромите. Оваа констатација се должи на системската дискриминација што продолжува да им се врши на припадниците на ромската заедница со ограничувањето на правото на слободно напуштање на државата од страна на Министерството за внатрешни работи, но и сегрегацијата што постои кон децата Роми во образованието. Ваквата состојба беше утврдена и од Комитетот за елиминација на сите форми на расна дискриминација при Обединетите нации, што посочи на ограничување на основни слободи и права и нивна неефикасна заштита, особено во делот на слободата на движење на Ромите, непоседувањето на лични документи, ситуацијата со децата Роми на улица и сегрегацијата во образованието. Според заклучните согледувања на Комитетот за елиминација на расна дискриминација на Обединетите нации, очигледно е дека државата не успева да ја подобри состојбата на Ромите како припадници на најмаргинализираната етничка заедница во Република Македонија. Комитетот изрази загриженост и за проблемот со домувањето на Ромите и за лошиот социјален статус, констатирајќи дека ромската етничка заедница е најизложена на сиромаштија, невработеност и социјална исклученост. Поради сето ова бараме Владата на Република Македонија да ја почитува Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација и да преземе итни мерки за спроведување на препораките на Комитетот за елиминација на расна дискриминација.

Во делот на дискриминација по основа на политичка припадност во Комитетот беа пријавени случаи на дискриминација во делот на вработувањето, а се однесуваат на невработување на медицински работници и лекари поради нивната партиска неприпадност кон владејачката коалиција. Овие случаи ја потврдија досегашната практика на невработување на лица кои не се партиски приврзаници на владејачката коалиција, што претставува системски проблем во нашето општество.

ЛГБТИ-луѓето и понатаму остануваат предмет на системска дискриминација, поради непостапувањето на јавното обвинителство по неколкукратните напади на ЛГБТИ Центарот и невклучувањето на сексуалната ориентација и родовиот идентитет во голем број закони со кои треба да се обезбеди ефективна заштита од дискриминација и нивна инклузија во општеството.

## 2. РАСНО ПРОФИЛИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ

Во текот на 2015 година во Хелсиншкиот комитет беа пријавени два нови случаи на дискриминација на Ромите на граничните премини за кои Хелсиншкиот комитет обезбеди судска заштита. Првиот случај се однесува на неосновано спречување на ромско семејство да ја напушти државата и да отпатува во Германија од страна на полициските службеници на аеродромот „Александар Велики“, додека во вториот случај се работи за лице на кое беше спречено да ја напушти државата и да отпатува во Италија од страна на полициските службеници на граничниот премин „Табановце“.

## 3. ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД СТРАНА НА ГРАДИНКИТЕ КОН ДЕТЕ СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Со барање за правна помош за заштита од дискриминација до Хелсиншкиот комитет се обрати родител на четиригодишно дете со интелектуална попреченост, поради непристапноста до предучилишно образование – градинка. Во конкретниот случај се работи за хиперактивно дете со лесна интелектуална попреченост и проблеми со говорот. Според мислењето на Заводот за ментално здравје – Скопје детето треба да се вклучи во логопедски и дефектолошки третман и треба да биде вклучено во предучилишна возраст.

До април 2015 година детето било вклучено во градинка, но поради притисоците од страна на вработените, несоодветната грижа и отсуство на човечки капацитети за работа со деца со интелектуална попреченост, родителите биле присилени да го отпишат од градинката, со цел да најдат градинка (јавна или приватна) што има и просторни и човечки капацитети за грижа за децата со лесна интелектуална попреченост. Од овој момент родителите направиле повеќе обиди да го вклучат детето како во јавна, така и во приватна градинка, но сите обиди се неуспешни.

Ова е системски недостаток што особено се рефлектира врз децата со интелектуална попреченост и го ограничува или, пак, може да го ограничи правото на пристап во градинките. Проблемот произлегува од тоа што во член 64 од Законот за заштита на децата е предвидено дека во редовните групи може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или со телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца. Дополнително, оваа одредба ретко се почитува, поради тоа што поголемиот број градинки, особено во општините на градот Скопје, вклучуваат поголем број деца во групите од предвидените стандарди, со цел повеќе деца да бидат згрижени и вклучени во воспитниот процес во градинките. Оттука, се доаѓа до заклучок дека слабите просторни и човечки капацитети на градинките влијаат на пристапот до градинките на децата со интелектуална попреченост, кои имаат различни потреби од децата кои немаат попречености.

Сметаме дека овој системски проблем доведува до нееднаков третман на децата со интелектуална попреченост наспроти децата кои немаат попречености во пристапот до градинките. Од овие причини, Хелсиншкиот комитет изминативе две години особено работеше на пристапот до градинка на децата со интелектуална попреченост. Комитетот спроведе тестирање на ситуација преку телефонско јавување со кое ја истражи потенцијалната дискриминација од страна на градинките кон децата со интелектуална попреченост. Една од целите на тестирањето беше и да се утврди дали слабите просторни и човечки капацитети на градинките влијаат во пристапот до градинките на децата со интелектуална попреченост. Беа тестирани вкупно 70 градинки на ниво на целата држава, од кои 56 државни и 14 приватни градинки. Врз основа на сите собрани податоци може да биде констатирано дека не постојат ниту просторни ниту човечки капацитети во градинките за згрижување и воспитание на сите деца од предучилишна возраст кои имаат потреба за запишување во градинките. Дополнително, со ова истражување беа утврдени и неколку случаи каде што постои основано сомнение дека се врши директна дискриминација кон децата со лесна интелектуална попреченост, поради што Хелсиншкиот комитет на 15.12.2015 година достави претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, за која сè уште немаме добиено одговор.

4. ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВА НА ПОЛИТИЧКА ПРИПАДНОСТ

По завршувањето на локалните избори во 2013 година во Гостивар и промената на локалната власт, беа пријавени поголем број случаи на дискриминација по основа на политичка припадност, вклучително и во ЈП „Комуналец". Имено, по промената на директорот на ЈП „Комуналец" Гостивар, раководителите на одделни сектори беа веднаш разрешени од страна на новопоставениот в.д. директор. За овој случај беше поведена и судска постапка за заштита од дискриминација, што е правосилно завршена, а одлуката е негативна. Поради ова беше поднесено барање за заштита на слободите и правата до Уставниот суд, кој одлучи да одржи јавна расправа по изминување на повеќе од шест месеци, што е спротивно на начелото на ефикасност што особено треба да се почитува во случаите на барања за заштита на слободите и правата на граѓаните. Ваквото непостапување на Уставниот суд повторно ја потврдува неговата неефикасност во заштитата на правата на граѓаните.

# VII ГОВОР И ДЕЛА ОД ОМРАЗА

## 1. ГОВОР НА ОМРАЗА

Во текот на годината, Хелсиншкиот комитет ја следеше и ја документираше состојбата и со говорот на омраза во сите сфери на општеството. Следењето се спроведуваше преку неколку методи, односно преку пријавени настани на платформата www.govornaomraza.mk (воспоставена во 2014 година), преку секојдневно следење на социјалните мрежи, интернет-порталите и другиот јавен простор, како и преку статистички податоци од надлежните државни органи за гонење и справување со говорот на омраза.

Во текот на 2015 година на платформата www.govornaomraza.mk беа пријавени 33 случаи на говор на омраза, од кои 26 беа верифицирани, а другите седум не беа верифицирани поради нецелосни информации. Како најзастапени основи за пријавените случаи на говор на омраза се наоѓаат сексуалната ориентација и родовиот идентитет на прво место, етничката и верската припадност на второ, а политичката припадност се појавува како трета најзастапена основа за говор на омраза. Од пријавените случаи се гледа дека говорот на омраза е најприсутен на социјалните мрежи, но не заостануваат и интернет-порталите, односно интернет базираните медиуми. Загрижувачки е што говорот на омраза сè повеќе е присутен во колумни и текстови на интернет-медиумите со што се нарушуваат етичките стандарди и принципи на новинарството, за што говорат и многубројните одлуки на Советот за етика за во медиумите[21].

Во текот на јануари беше забележан говор на омраза со нацистичка содржина со исцртувањето на кукест крст (свастика) на споменик во центарот на град Скопје, односно во дворот на средно училиште. Потребни беа неколку денови пред да биде забележан и пријавен, а уште неколку потоа, за да биде постапено од страна на надлежните институции и да се преземат чекори за отстранување на цртежите. Во текот на месеците март, април и мај, беа забележани закани и повици на насилство од страна на јавни личности, поддржувачи на владините политики кон неистомисленици на власта. Политичката криза (злоупотреба на власта, презентирање на преслушувани разговори во јавноста) и многубројните општествено-политички случувања (протести, маршеви) во текот на годината значително придонесоа за ширењето говор на омраза врз основа на политичка припадност. Одбележувањето на Неделата на гордоста и поединечни настани во таа недела беа мета на хомофобични изразувања, закани и повикувања на насилство од страна на индивидуи и групи на социјалните мрежи во текот на јуни. Земајќи ги предвид многубројните случаи на говор на омраза и физичко насилство кон ЛГБТИ-заедницата во претходните години, оваа појава не беше изненадувачка. Еден од позначајните случаи беше забележан во текот на ноември, кога на социјалната мрежа „Фејсбук“ беше забележано споделување плакат што содржи говор на омраза врз основа на верска припадност и уверување. Имено, со плакатот се повикуваше на

[21] Одлуки и мислења на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија: http://semm.mk/komisija-za-albi/odluki-i-mislenja.

„протест против исламизација на Крива Паланка“. Покрај текстот што објаснуваше кога и каде ќе се одржи протестот, на плакатот се наоѓаше и слика со пет пречкртани исламски верски објекти, џамии. Протестот беше последица на говор на градоначалникот, кој на прес-конференција за изградбата на црква во центарот на градот, изречно констатира дека додека е тој на функцијата градоначалник, во градот ќе се градат само православни верски објекти. Поттикнати од тоа, граѓани почнале иницијатива за собирање потписи против изградба на џамија во градот, за подоцна да се организира и протест. Најавениот протест, на кој присуствуваа околу 1.200 луѓе, се одржа во добар ред, со исклучок на неколку скандирања што содржеа говор на омраза, но беа брзо спречени од организаторите. Меѓутоа, подоцна во ноќта, непознати лица го демолирале објектот наменет за молитви на муслиманската верска заедница. Настанот бил пријавен во полиција, која извршила увид на местото и презема мерки за расветлување на случајот. Од страна на Хелсиншкиот комитет настанот беше нотиран како дело од омраза, што дотолку повеќе ги потврдува опасните и штетни последици од употребата на говор на омраза во јавниот простор. Споделувањето на плакатот со говор на омраза, во соопштение на неколку невладини организации (Платформа против говор на омраза) беше строго осудено, а беше поднесена и пријава до Министерството за внатрешни работи – оддел за електронски криминал, за ширење говор на омраза по електронски пат. По кратко време, плакатот беше отстранет од социјалната мрежа.

Хелсиншкиот комитет забележува зголемено присуство на говорот на омраза во јавниот простор и изразува загриженост за употребата на говор на омраза од страна на јавни личности. Забележаната состојба се појавува како директна последица на десетгодишното конзервативно, автократско владеење, што интензивно ги промовира традиционалните и религиските вредности како основа на општеството, го потенцира значењето на македонскиот народ во мултиетничка средина и индиректно ја става политичката (партиската) определба како неделива карактеристика на индивидуата и неопходен услов за општествено живеење.

И покрај сè поголемата застапеност на говорот на омраза во јавниот живот и секојдневието, се забележува релативно мала бројка на пријавени настани за употреба на говор на омраза. Непријавувањето на случаите може да се објасни како последица на два фактора. Првиот е непрепознавањето говор на омраза и неговите основни елементи, како и непотполната разграниченост на основите за говор на омраза од страна на граѓаните. Паралелно со тоа се посочува и непознавањето на граѓаните за надлежностите на институциите и обврските за постапување во случаи на говор на омраза. Вториот, многу позначаен фактор е малиот број случаи на покренати обвиненија за говорот на омраза од страна на Јавното обвинителство и ниската, речиси непостоечка бројка на осудени и казнети лица кои се служеле со говорот на омраза. Имено, во текот на годината, пред 21 основен суд од кои Хелсиншкиот комитет доби одговор, се водела само една кривична постапка пред Основен суд Скопје 1, по дело од член 417 од Кривичниот законик (Расна и друга дискриминација) во кое има елементи на говор на омраза.[22] Оваа поразителна бројка ги обесхрабрува жртвите на говор на омраза да пријават пред надлежните институции, а уште повеќе ги уништува сите можни очекувања за соодветна судска заштита при прекршувањето на нивните права.

Хелсиншкиот комитет апелира на итни и сериозни чекори за промена на ваквата состојба. За остварување на таа цел, неопходно е Јавното обвинителство и судовите да покажат нулта толеранција кон лицата кои се служат со говорот на омраза и соодветно да ги гонат и да ги осудат случаите во рамките

[22] Хелсиншкиот комитет испрати Барања за пристап до информации од јавен карактер до сите, 27 основни судови во Република Македонија, при што одговор доби од 21 од нив. Во текот на 2015 година, само една кривична постапка се водела пред Основен суд Скопје 1 по член 417 од Кривичниот законик, за која сè уште нема правосилна пресуда.

на својата надлежност. Јавните личности и високи политички претставници е неопходно да се воздржат од употреба на говор на омраза и да ја осудат неговата употреба во секоја пригода. Задолжително е да се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарството, што ќе ја оневозможи употребата на говор на омраза во медиумските простори.

## 2. ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, Хелсиншкиот комитет регистрираше вкупно 44 дела сторени од омраза. Најголемиот дел од инцидентите беа регистрирани штом беа пријавени од страна на медиумите или објавени од страна на Министерството за внатрешни работи додека за 4 (четири) инциденти беше известено од страна на набљудувачи на Хелсиншкиот комитет. Од сите инциденти, 31 беа верифицирани преку дописи до МВР, дневните билтени на МВР, известувања од медиумите и средба со жртви на ваквите дела. Тринаесет од регистрираните инциденти не беа верифицирани, но беа документирани поради постоењето на пристрасност, вклучувајќи: перцепцијата на жртвата/сведок; коментари на местото на настанот; разликата помеѓу жртвата и сторителот врз етничка основа; шема/фреквенција од претходни инциденти; природата на насилството; недостиг на други мотиви; локација и тајминг. Поточно, непроверените инциденти беа опфатени поради добиените информации во поглед на локацијата на инцидентот (на пример, етнички мешаните населби и училишта, автобуски линии користени од страна на припадници на различни етнички заедници, места каде што злосторства од омраза веќе се случиле во минатото итн.), видот на инцидентот (на пример, поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни борби, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна борба како форма на одмазда, по училишните часови, во текот на спортски настан или по него итн.) и имотот оштетен за време на инцидентот (на пример, верски објекти). Верифицираните и неверифицираните инциденти се обележани со зелена, односно со црвена боја на порталот на Хелсиншкиот комитет – www.zlostorstvodomraza.mk.

Споредбено со инцидентите регистрирани во 2013 и 2014 година, најголемата разлика се однесува на жртвите, мнозинството од кои се бегалци. Дваесет и еден од 44 инциденти (48%) во 2015 година се однесуваа на разбојништва против бегалци за време на нивното транзитирање низ државата. За време на овие инциденти, најмалку 58 од жртвите (46% од сите регистрирани жртви) беа државјани на Сирија, Авганистан и Мароко. Другата голема, но позитивна разлика е во бројот на инциденти поради македонската или албанската етничка припадност на жртвата, односно сторителот. Во 2013 година овие инциденти претставуваа 84% од сите инциденти (98 од 116), додека во 2014 година таа бројка изнесуваше 61% (53 од 87). Во текот на 2015 година беа регистрирани само 15 инциденти (34%) помеѓу етнички Македонци и Албанци.

Мнозинството на дела од омраза беа сторени од разбојници и младинци. Најчестите кривични дела се разбојништво (23), насилство (21), телесна повреда (17) и уништување имот (6). Најголемиот број инциденти се случија во Скопје (18) и неговата околина. Имаше десет инциденти во Гевгелија и шест во Куманово. Делата од омраза против бегалците вообичаено се случуваа покрај автопатот, што е дел од Паневропскиот коридор 10. Беа регистрирани најмалку 125 жртви и 174 сторители на дела од омраза. Мнозинството жртви се бегалци и младинци со македонска или албанска етничка припадност. Во 33 од 44 инциденти сторителите дејствувале како група. Од добиените писмени одговори од страна на МВР, полицијата ги откри сторителите во најмалку 20 инциденти. За други 20 инциденти полицијата била известена и тие беа под истрага.

# VIII ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

## 1. ВОВЕД

Во 2015 година во Хелсиншкиот комитет беа регистрирани голем број претставки за повреда на економските и социјалните права, што пред сè се должи на високиот процент на невработеност во земјата, осиромашувањето на населението и повредите на работничките, социјалните и здравствените права.

Генерална констатација е дека Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и Министерството за здравство не постапуваат согласно позитивните законски прописи и не ги почитуваат законските рокови за изготвување на решенијата, а со ваквото непостапување директно ги загрозуваат правата на граѓаните што произлегуваат од Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување.

Центрите за социјална работа како јавен сервис на граѓаните, особено кога станува збор за олеснувањето на пристапот до остварување на социјалните права на граѓаните кои се во социјален ризик, потфрлуваат во својата работа. Корисниците на правата од социјалната заштита многу често се соочуваа со решенија со кои им се прекинуваат определени права, токму заради општата неинформираност околу пријавувањето на финансиските промени на нивните трансакциски сметки и следствено, поради нефункционалните стручни служби при центрите за социјална работа. Така, многу често се случуваше да биде прекинато правото на социјална парична помош, без оглед на незначителниот непријавен износ во однос на добросостојбата на граѓаните. И покрај поведените жалбени постапки, но и постапките пред Управниот суд на РМ од областа на социјалната заштита, поради долготрајните постапки и неефективното работење, граѓаните и понатаму се спречени во остварувањето на своите економски и социјални права.

## 2. ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НЕ ГИ ШТИТИ ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија беше поднесена претставка од страна на лицето Жаклина Димовска, во која таа укажа на неможност да ги оствари своите права пропишани во Законот за здравствено осигурување. Имено, Жаклина Димовска, како осигурено лице, поднела барање за упатување на лекување во странство, за нејзиното малолетно дете Тамара Димовска, доставувајќи во прилог медицинска документација. Меѓутоа, од страна на Фондот за здравствено

осигурување било одбиено како неосновано, и покрај тоа што биле прибавени информации од сите медицински установи што потврдиле дека не ја поседуваат потребната техничка и медицинска опрема за извршување на хируршката интервенција. Сепак, првостепениот орган заклучил дека сè уште не се извршени можностите за лекување во земјата како образложение за својата негативна одлука.

Земајќи го предвид Конзилијарното мислење на тимот од лекари дадено во предлогот за упатување на лекување во странство, како и од итноста на интервенцијата, Хелсиншкиот комитет констатираше дека првостепениот орган не го почитувал и не го применил член 30 став 1 од Законот за здравствено осигурување, односно осигуреното лице да може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување што не може да се лекува во земјата.

Поради небрежноста и незаконитоста во постапувањето на надлежните институции овој случај заврши со трагичен епилог, односно малолетното осигурено лице, Тамара Димовска, почина на 09.02.2015 година. Хелсиншкиот комитет за човекови права изготви и поднесе кривични пријави против директорите, претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор на Фондот и членовите на првостепената и второстепената лекарска комисија, поради основано сомневање за несовесно работење во службата, како и против министерот за здравство Никола Тодоров, за злоупотреба на службената положба и овластување. До завршувањето на овој извештај Основното јавно обвинителство сè уште немаше покренато обвиненија против пријавените.

Како резултат на големата медиумска покриеност на овој случај, до Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија се обратија граѓани што го имаат истиот проблем со институциите, Фонд за здравствено осигурување и Министерството за здравство на Република Македонија. Имено, од документацијата што ја доставија до Хелсиншкиот комитет, правниот тим на комитетот утврди дека се работи за малолетни осигурени лица, на кои им е потребна хируршка интервенција што треба да се изврши надвор од државата, бидејќи за тоа нема можност, ниту услови да се изврши во Република Македонија. Решенијата донесени од страна на лекарските комисии при Фондот за здравствено осигурување се спротивни на член 30 став 1 од Законот за здравствено осигурување, со кој се регулира болничкото лекување на осигуреници во странство.

По извршениот увид во целокупната доставена документација, правниот тим на комитетот дојде до заклучок дека првостепените и второстепените решенија на Фондот на здравствено осигурување се идентични за сите осигурени лица, односно на сите им се одбива барањето за лекување во странство, без притоа да се разгледа доставената документација и да се следат упатствата и насоките од конзилијарните мислења од стручните медицински лица, а со тоа директно им се скратуваат правата од член 30 став 1 од Законот за здравствено осигурување. Некои од лицата што се обратија до комитетот, поднесувале тужби против второстепените решенија и до Управниот суд на Република Македонија, меѓутоа и тука се соочиле со институционален проблем, бидејќи Управниот суд не одлучувал мериторно и случаите ги враќал на повторно одлучување со што постапките се одолжувале и се оневозможувало остварувањето на нивните права.

Со ваквото постапување, односно непостапување од страна на Управниот суд, осигурените лица губат скапоцено време низ правните лавиринти, а во меѓувреме се соочуваат со влошувања и компликации на здравствената состојба. Поради сериозноста и обемноста на проблемот, Хелсиншкиот комитет на Република Македонија укажува дека надлежните институции, Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство треба да постапуваат согласно позитивните законски прописи и да ги

почитува утврдените рокови, со цел во иднина граѓаните да немаат проблеми во остварувањата на правата од здравственото осигурување.

### 3. РЕТРОАКТИВНАТА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ, НА ШТЕТА НА ГРАЃАНИТЕ

До Хелсиншкиот комитет во февруари пристигнаа претставки што се однесуваат на неосновано укинување на социјалната парична помош поради тоа што граѓаните примале парични средства преку брз трансфер. Разгледувајќи ги пристигнатите претставки и решенијата за укинување на социјалната парична помош што беа доставени во прилог, правниот тим на Хелсиншкиот комитет констатираше дека центрите за социјална парична помош во овие решенија се повикуваат на член 4 став 1 точка 7 од „Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош", што е донесен на 02.01.2015 година, а стапил на сила по објавувањето во „Службен весник на РМ". Со овие измени на правилникот се утврдува дека примените парични средства преку брзиот трансфер на пари во износ над 50.000 денари, ќе се сметаат за приход.

Со оглед на тоа што измените на овој член стапиле на сила по донесувањето на решенијата од страна на центрите со кои на корисниците им била прекината социјалната парична, Хелсиншкиот комитет констатираше дека станува збор за ретроактивна примена на законски одредби, што е спротивно од член 52 од Уставот на Република Македонија. Имено, во член 52 од Уставот се наведува дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, кога тоа е поповолно за граѓаните, што во конкретниот случај не е пример. Напротив, поради ретроактивната примена на правилникот се загрозува и онака лошиот социјален статус на овие граѓани.

Поради изнесеното, Комитетот обезбеди правна помош во повеќе од десет случаи и воедно достави мислење до Министерството за труд и социјална политика, за несоодветната примена на законските одредби од Правилникот, укажувајќи на забраната за ретроактивна примена на прописите, гарантирана со Уставот на РМ.

Согледувајќи ги проблемите што произлегоа од незаконитата примена на овој правилник, Министерството за труд и социјална политика на 25 јануари 2016 година го измени правилникот на начин што ја избриша спорната одредба со цел да се заштитат корисниците од одземање на доделеното социјално право поради прием на парични средства преку брз трансфер на пари во висина до 70.000 денари. Со оваа измена, се подобрува можноста на корисниците на социјална парична помош за прием на средства преку брз трансфер на пари, што ќе можат да ги искористат за потреби во однос на нивната социјална и здравствена состојба (долготрајно лекување, купување на ортопедско помагало) без притоа да им бидат сметани како имот од кој се издржуваат. Исто така, би сакале да упатиме препорака до Министерството за труд и социјална политика во идните стратегиски планови да се стреми кон зголемување на висината на социјалните парични средства со цел корисниците да бидат во можност да ги покријат своите месечните трошоци и да ги задоволат своите основни животни потреби.

# IX РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

## 1. ВОВЕД

Во текот на 2015 година Хелсиншкиот комитет регистрираше уште пет нови случаи на фемицид – односно убиства врз жени од страна на сегашни или поранешни брачни или интимни партнери. Едно од најбруталните убиства се случи во октомври 2015 година кога жена беше убиена со секира од страна на нејзиниот сопруг. Во билтенот на дневни настани, Министерството за внатрешни работи како причина за убиството ги наведе нарушените семејни односи, а неофицијално, на настанот му претходела расправија. По само два дена, во медиумите беше објавен настан во Кочани, каде што маж си го одзел животот со бесење, откако претходната вечер физички ја малтретирал својата сопруга и ја прободел со нож во раката.

Хелсиншкиот комитет со загрижување потсетува дека овие два настана се само продолжение на многубројните настани на родово базирано насилство и насилство во семејството кои завршиле со смртни случаи во изминатите две години. Имено, во мај годинава, постара жена беше пронајдена мртва во својот дом во скопската населба Пржино, со видливи траги на насилство, за што прв осомничен бил нејзиниот син. Во јануари, бремена жена беше убиена на детската клиника во Скопје, а потоа фрлена од покривот од страна на сторителот. Во текот на 2014 година, државните органи за спроведување на законот потфрлија во спречувањето на пет случаи на родово базирано насилство со смртни последици. На почетокот на мај 2014 година беше пронајдена мртва жена во Кавадарци, за чијашто смрт беше обвинет нејзиниот сопруг. Кон крајот на месецот, маж од Скопје со огнено оружје ја убил својата партнерка со која биле во љубовна врска, а потоа се самоубил. Жртвата подолго време се жалела на закани дека ако го напушти, ќе ја убие. Кон крајот на јули, маж од Скопје, со огнено оружје ја убил својата партнерка и нејзината сестра, по што се самоубил. По само три месеци, во ноември, следуваше трикратното убиство во Кавадарци, каде што маж ги уби мајката, таткото и сестрата на сопругата со која воделе постапка за развод. Сторителот бил неколкупати пријавуван за насилство во семејството, но институциите не обезбедиле заштита на жртвите. Кон крајот на ноември, пак, повторно беше извршено трикратно убиство, во Злетово, каде што маж ги уби родителите на сопругата со која се разведувал, и нивни познајник, чичко на момче со кое сторителот се сомневал дека е во врска со поранешната сопруга. Сторителот бил пријавуван пред надлежните органи за семејно насилство.

Во извештајниот период Хелсиншкиот комитет обезбеди правна помош во десет случаи на родово базирано насилство, вклучително и во случај на демнење девојка од страна на нејзиниот поранешен интимен партнер. Ваквата состојба е особено загрижувачка, особено доколку се земе предвид дека државата не обезбедува посебна заштита за сите форми на родово базирано насилство, ниту води посебна евиденција за случаите на фемицид. Поради ова, може да се констатира дека државата сѐ уште

не ги исполнува минимум стандардите што треба да гарантираат ефикасна заштита од насилство врз жените. Отсуството на соодветна реакција од страна на полицијата и центрите за социјална работа, малиот број шелтер-центри за жртви на семејно насилство, отсуството на шелтер-центри за жртви на сексуално насилство се само дел од системските проблеми, поради кои може да се констатира дека државата не ги исполнува условите за обезбедување на правилна заштита на жените-жртви од родово базирано насилство. Овие услови се утврдени во Истанбулската конвенција, што претставува првиот сеопфатен меѓународен документ за заштита на жените од насилство, на кој Република Македонија е потписник, но сè уште ја нема ратификувано.

Во случај на ратификација на оваа конвенција државата ќе мора да го синхронизира националното законодавство со меѓународните стандарди, ќе има обврски за спроведување на повеќе кампањи или програми за подигање на свеста, ќе се подобрат превентивните интервенции на државата и програмите за третман на жртвите и сторителите, ќе мора да се отворат повеќе шелтер-центри што ќе бидат функционални, ќе се воведат отежнителни околности за сторителите на кривичните дела утврдени со Конвенцијата, мерките за заштита на жртвите ќе треба да бидат функционални и применливи во практиката. Од овие причини државата треба што поскоро да почне со процес на ратификација на Истанбулската конвенција и обезбедување на минимум стандарди за ефикасна заштита на жените жртви на насилство.

## 2. ТРИКРАТНО УБИСТВО ВО КАВАДАРЦИ

Кон крајот на 2014 година јавноста беше известена за повеќекратното убиство во Кавадарци на членови на семејство на жена-жртва на семејно насилство, извршено со употреба на огнено оружје од страна на нејзиниот поранешен сопруг. И во овој случај надлежните институции не ѝ овозможија заштита на жртвата од насилството што таа и членовите на нејзиното семејство го трпеле подолг временски период од нејзиниот поранешен сопруг.

Поради неефикасното и несовесно работење на институциите во конкретниот случај, Јавното обвинителство поведе истрага против полициските службеници и вработените во Центарот за социјални работи, кои постапувале во случајот.

Полициските службеници и вработените во Центарот за социјална работа Кавадарци се осудени за несовесно работење во службата поради тоа што не преземале никакви дејства за заштита на жртвата. Во постапката против полициските службеници жртвата не била повикана да учествува, иако е оштетена од нивното несовесно работење. Поради ограничување на правото да учествува во постапката како жртва, односно оштетена, како и поради фактот што полициските службеници требало да бидат гонети за потешко кривично дело, Хелсиншкиот комитет ѝ обезбеди правна помош на жртвата за поднесување барање на заштита на законитоста, што беше доставено до јавниот обвинител на РМ. Во својот одговор јавниот обвинител на Република Македонија ја извести жртвата дека барањето за заштита на законитоста е неосновано, со оглед на тоа што немало повреда на законот или меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија.

Ваквото постапување од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија, односно фактот што жртвата не била вклучена во судскиот процес против полициските службеници за нивното непостапување по барањето на жртвата за одземање оружје, претставува грубо кршење на правата на жртвата, со што се потврдува неефикасната заштита што постои кон жените кои се жртви на семејно насилство.

Хелсиншкиот комитет смета дека вклучувањето на жртвите на семејно насилство како оштетени во судските постапки против полициски службеници кои не постапиле согласно законот е неопходно доколку сакаме да зборуваме за ефикасна заштита на жртвите на семејно насилство. Од овие причини препорачуваме во иднина Јавното обвинителство особено да го земе предвид фактот дека жртвите се оштетени и од несовесното работење на овластените лица за обезбедување заштита во случаи на семејно насилство.

### 3. ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА ОД СТРАНА НА ПОРАНЕШЕН ИНТИМЕН ПАРТНЕР

Кон крајот на 2015 година лицето Х побара правна помош од страна на Хелсиншкиот комитет, како жртва на вознемирување и загрозување на сигурноста од страна на поранешен интимен партнер. Имено, нејзиниот поранешен партнер, употребувајќи оружје – нож, сериозно се заканил дека ќе нападне врз нејзиниот живот и тело и животот и телото на нејзино блиско лице. Жртвата повикала полиција, која составила службена белешка, записник и земале изјави од оштетената и од сведокот-очевидец. По поминати повеќе од 45 дена од горенаведениот пријавен настан, оштетената отишла во СВР Скопје-Центар да се информира за случајот, по што била усно известена дека случајот е затворен како поплака, а осомничениот бил повикан во полиција и бил предупреден.

Полициските органи имале сознанија дека осомничениот и претходно е пријавуван од страна на оштетената за слични настани, истиот и претходно е правосилно осудуван, како и фактот дека осомничениот им се заканувал по животот и телото на оштетената и нејзиното сегашно момче, за што постојат писмени СМС-пораки и пријави во полиција за предметните настани.

Поради непостапувањето на полициските службеници, оштетената поднела кривична пријава до ОЈО-Скопје за конкретниот настан, кое поднело обвинение за сторено кривично дело од член 133 од КЗ – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница. По одржаната јавна, главна и усна расправа Основниот суд Скопје 1 Скопје донесе пресуда со која обвинетиот го најде за виновен за горенаведеното кривично дело и го осуди на казна затвор од траење од четири месеци.

Иако сторителот е веќе осуден, тој не престанува да ја вознемирува и да ѝ се заканува на оштетената и со ваквото постапување тој континуирано ѝ ја загрозува безбедноста и ја вознемирува отштетната и нејзиното семејство.

# X БЕГАЛСКА КРИЗА

Кон крајот на 2014 и почетокот на 2015 година, Македонија посведочи досега невиден прилив на бегалци што транзитираат низ територијата на државата кон земјите-членки на Европската унија. Од почетокот на регистрацијата од страна на државата во јуни 2015 година до крајот на годината беа регистрирани околу 390.000 бегалци од кои околу 210.000 од машки пол, 95.000 деца и 65.000 од женски пол. Мнозинството бегалци беа државјани на Сирија, Авганистан и Ирак. Имајќи предвид дека регистрацијата почна во јуни 2015 година и дека неколку месеци голем број бегалци се пропуштаа нерегистрирани, реалната бројка за 2015 година е многу поголема од регистрираната. Бегалците одбиваа да останат во Македонија и да побараат азил, па од сите регистрирани бегалци само 86 поднеле барање за азил. Најголем број од овие баратели само кратко се задржуваа во државата, по што го продолжуваа патот до Европската унија уште пред да почне постапката за азил. За жал, државата ја потцени бегалската криза и подготовките за организиран прием ги почна предоцна што резултираше со голем број повреди на правата на бегалците.

***а)*** *Жртви покрај шините*

Сметајќи ги за „нелегални мигранти", Република Македонија не дозволуваше користење на јавен превоз и ги принуди бегалците да пешачат по целата територија на државата во обид да стигнат до Србија. На нивниот пат, тие најчесто ја користеа пругата од Гевгелија до Табановце. На 24 април 2015 година, во близина на Велес, воз усмрти 14 мигранти-бегалци од кои најмалку шестмина беа малолетни лица. Во периодот од крајот на 2014 до мај 2015 година усмртени беа најмалку 29 бегалци, вклучително бебиња, деца и жени. Во член 29 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека странците уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори. Република Македонија, како потписник на Европската конвенција за човекови права, мораше да преземе соодветни чекори преку кои ќе ги заштитеше животите на лицата кои транзитираа низ нејзината територија. За жал, и покрај тоа што Министерството за внатрешни работи беше запознаено со опасностите и ризиците на кои беа подложени бегалците, државата презема многу малку соодветни мерки да ги заштити нивните најосновни човекови права.

***б)*** *Прифатен центар за странци – Гази Баба*

Сè до јуни 2015 година, државата задржуваше бегалци-сведоци и жртви на шверцување во единствениот Прифатен центар за странци во Гази Баба. Дел од овие лица беа и под безбедносна проверка на Управата

за безбедност и контраразузнавање. Постапката за притворање се одвиваше незаконито. Согласно член 108, став 3 од Законот за странците, МВР донесува решение за привремено задржување на странецот, а во став 5 е утврдено дека странецот има право на жалба најпрвин до Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен, а потоа и до Управниот и Вишиот управен суд. Согласно член 19, став 3 од Законот за управната постапка, учесниците во постапката кои не се државјани на РМ, а не го разбираат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, имаат право на преведувач. Во член 61, став 5 е предвидено органите пред кои се води управната постапка да одговараат на македонски јазик и на службениот јазик што го употребила странката. Незаконитоста на постапката за притворање се состоеше во необезбедување преведувач од страна на МВР со што мигрантите-бегалци не беа во можност ниту да го разберат ниту да го обжалат нивното притворање. Прифатниот центар во Гази Баба во првата половина од 2015 година беше пренатрупан и во распаѓање, а беше затворен за здруженијата на граѓани и медиумите. По реакција на телата за заштита на човековите права на ООН, Народниот правобранител, невладини организации и активисти, во текот на летото во 2015 година сите задржани бегалци беа ослободени, но јавните обвинители ја продолжија практиката на испраќање сведоци во Центарот, иако во многу помал број.

***в) Изразување намера за азил***

Во текот на јуни, Собранието на РМ ги усвои измените на Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита. Предложеното решение им овозможи на бегалците пред полициски службеник да искажат намера за поднесување барање за признавање право на азил. Потоа тие имаа можност во рок од 72 часа да го поднесат таквото барање. Во периодот од искажувањето на намерата до поднесување на барањето тие не се сметаат за нелегални мигранти што им овозможи привремено слободно движење и легално користење на средствата за јавен превоз. Ваквото решение го намали бројот на шверцери што претходно претставуваше огромен проблем.

***г) Кризна состојба***

На 19 август 2015 година, Владата на Република Македонија усвои одлука за прогласување на кризна состојба на јужната и северната граница на државата, а во врска со поголемиот наплив на бегалци во државата. Со одлука на Собранието на РМ, кризната состојба беше продолжена до јуни 2016 година. По прогласувањето на кризна состојба од страна на Владата на РМ, од објавените медиумски материјали[23] и непосредното забележување на претставници на Хелсиншкиот комитет кои беа присутни на јужната граница, можеше да се увиди нехуманиот третман кон бегалците од страна на специјалните полициски службеници кои употребија мерки на присила, користејќи солзавец и шок-бомби во неуспешен обид да ги спречат бегалците да преминат на територијата на државата.

***д) Медицинска заштита***

Генерално, медицинската заштита ја обезбедуваше Црвениот крст, а мал број бегалци добија лекарски третман во неколку јавни здравствени установи, единствено во итни и потешки случаи. Во текот на август, 23 од вкупно 25 приватни здравствени ординации од општините Гевгелија, Валандово, Дојран и Богданци, преку петиција потпишана од лекари, го известија Фондот за здравствено осигурување (ФЗОМ) дека нема да ја почитуваат наредбата за дежурства во амбулантата за мигранти

[23] http://www.makdenes.org/media/video/27200964.html..

лоцирана во просториите на полициската станица на Железничка станица во Гевгелија. Преку петицијата лекарите наведоа дека не прифаќаат дежурства во амбулантите, бидејќи немале таква законска или договорна обврска. Според нив, во т.н. адаптирана амбуланта немало основни услови за обезбедување на медицинска услуга, апарати, медицинска опрема, потрошен санитетски материјал итн. Ваквото одбивање не беше во согласност со Хипократовата заклетва, преточена во лекарската заклетва содржана во Декларацијата од Женева од 1948 година. Според овие заклетви, лекарите својот живот го ставаат во служба на хуманоста и својата професија ја извршуваат совесно и достоинствено. Во вршењето на должноста кон болните лекарите не смеат да имаат никакви предрасуди во однос на возраста, болеста или попреченоста, етничката припадност, полот, верата, националноста или расата.

**ѓ)** *Шверцување и разбојништва*

Голем број бегалци што во државата влегле нелегално стануваа жртви на шверцери и дела од омраза. Медиумите на седмична основа известуваа за голем број инциденти поврзани со шверцување, а Хелсиншкиот комитет регистрираше 21 инцидент на разбојништво. За време на овие инциденти, најмалку 58 жртвите беа државјани на Сирија, Авганистан и Мароко. Разбојничките напади имаат слични карактеристики, односно на жртвите или им се нуди лажен превоз или се пресретнати, по што сторителите со сериозна закана или измама дека се полицајци, со ладно оружје (но, понекогаш и огнено оружје како и електрошок-палки) ги преплашуваат, напаѓаат, повредуваат и ограбуваат. Повеќе детали за секој напад одделно, како и за други регистрирани напади можат да се пронајдат на порталот за регистрирање дела од омраза на Хелсиншкиот комитет – www.zlostorstvaodomraza.mk.

**е)** *Транзитни кампови*

Поради хаотичниот прием и транспорт на бегалците, жителите на Гевгелија негодуваа поради големиот број бегалци во нивниот град. Во септември 2015 година транзитот на бегалците почна да се одвива организирано преку импровизирани транзитни кампови на југот во непосредна близина Гевгелија („Винојуг“) и на северот во непосредна близина на Куманово (Табановце). Камповите беа поставени подалеку од населените места, покрај шините на 500 метри од границата со Грција, односно со Србија. Камповите се проширувaa секојдневно, а транзитот се спроведуваше на организиран начин со регистрација на бегалците кај Гевгелија и директен превоз со вонредна линија на возовите на „Македонски железници“.

**ж)** *Дискриминација при користење на железничкиот превоз*

ЈП „Македонски железници“ АД Транспорт во краток временски период двапати направи корекција на цената на билетот за бегалци кои транзитираат низ Македонија. Цената на секој поединечен билет за овие корисници е 25 евра и таа е за 3,5 пати повисока од редовната цена на билетот, што изнесува околу седум евра. Редовните попусти за деца, семејства и групи не се применуваат. Со покачувањето на цената на билети за бегалците, ЈП „Македонски железници“ воведе практика на нееднаков третман кон бегалците и ги повреди правата содржани во член 29 став 1 од Уставот на РМ, што гласи: „Странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори“. Според образложението на „Македонски железници“, повисоката цена се должела на посебните услуги и ангажирањето на дополнителни средства и вработени за овозможување на транспортот.

***з)*** *Расно профилирање*

Во текот на ноември 2015 година почна дискриминаторска селекција за прием на бегалците врз основа на нивната земја на потекло од страна на Словенија. Ваквата практика како верижна реакција се одрази на сите гранични премини на балканската рута. Како последица на тоа, низ Република Македонија се пропуштаа само бегалци кои потекнуваат од Сирија, Авганистан и Ирак, а бегалци со документи за потекло од други земји не се пропуштаа. Ваквата состојба предизвика нелегални преминувања на државните граници од страна на сите бегалци што не се државјани на една од спomенатите држави. За да се спречат нелегалните преминувања, државата изгради ограда од бодликава жица по граничната линија со Грција.